EUROPEAN UNIVERSITY


UDC 33

ISSN: 2545-4552 (Print)
ISSN: 2545-4560 (Online)

IDEA

International Journal *of* Science and Arts

ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност



IDEA Int. J. Sci. Arts ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет.	VOL. 9 ГОД.	No. 18 Број	pp. 1 - 152 стр.	Skopje 2025 Скопје

IDEA

International Journal of Science and Arts

ИДЕЈА Меѓународно списание за наука и уметност

IDEA Int. J. Sci. Arts **ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет.**	**VOL.** **ГОД.**	**9**	**NO.** **Број.**	**18**	pp. стр.	**1-152**	**Skopje** **Скопје**	**2025**

International Journal of Science and Arts – IDEA
Меѓународно списание за наука и уметност – ИДЕЈА
Publisher
European University – Skopje
About the publisher
Prof. Aleksandra Andreska Sarevska, PhD, European University - Skopje

INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD
Prof. Biljana Andreska Bogdanovska, PhD, Chancellor, European University - Skopje (Macedonia);
Prof. Elizabeta Stamevska, PhD, Facultuy of Economics, European University - Skopje (Macedonia); Assoc. Prof. Anita Shesho, PhD, Faculty of Economics, European University - Skopje (Macedonia); Asst. Prof. Tatjana Dolinšek, PhD, Faculty for commercial and business science (FCBS), Slovenia; Asst. Prof. Tatjana Kovač, PhD, Faculty for commercial and business science (FCBS), Slovenia; Ognyana Stoichkova, PhD, Faculty of Economics, University of finance, business and entrepreneurship, Sofia (Bulgaria); Assoc. Prof. Yakim Kitanov, PhD, Faculty of Economics, University of finance, business and entrepreneurship, Sofia (Bulgaria); Asst. Prof. Virginiya Zhelyazkova, PhD, Faculty of Economics, University of finance, business and entrepreneurship, Sofia (Bulgaria); Asst. Prof. Dinka Zlateva, PhD, South-West University "Neofit Rilski", Faculty of Economics, Blagoevgrad (Bulgaria); Prof. Zdravko Špirić, PhD, Green infrastructure Ltd., Zagreb (Croatia); Prof. Mile Matijević, PhD, Faculty of Legal Sciences, University of Business Studies, Banja Luka (Bosnia and Hercegovina); Assoc. Prof. Marjan Gaberov, PhD, Faculty of Law, European University - Skopje (Macedonia); Prof. Zeljko Bratulovic, PhD, Department of History of Law and State, University of Rijeka (Croatia); Asst. Prof. Zeynep Ece Ünsal, PhD, Başkent Unıversıty - Ankara (Turkey); Asst. Prof. Abdullah İslamoğlu, PhD, İstanbul University – İstanbul (Turkey); Asst. Prof. Leta Bardzieva Miovska, PhD, Faculty of Detectives and Criminalistics, European University - Skopje (Macedonia); Prof. Žarko Ćulibrk, PhD, Faculty of Security and Protection, Banja Luka, Republic of Srpska (Bosnia and Hercegovina); Prof. Zdravko Skakavac, PhD, Faculty for Legal and Business Studies dr. Lazar Vrkatić, Novi Sad, Union University, Belgrade (Serbia); Prof. Ljubo Pejanovic, PhD, Faculty of Law and Business Studies dr Lazar Vrkatić, Novi Sad, University Union, Belgrade (Serbia); Prof. Boris N. Krshev, PhD, Faculty for Law and Business Studies Dr. Lazar Vrkatic, Novi Sad (Serbia); Prof. Miroslav Milutinović, PhD, College of Professional Studies of Traffic Management, Niš (Serbia); Eneko Sanz, PhD, Band Research, Barselona (Spain); Assoc. Prof. Blagojce Naumoski, M.Sc., Faculty of Art and Design, European University - Skopje (Macedonia); Prof. Marina Kocareva Ranisavljev, M.Sc. School of Textile Design, Technology, and Management, DTM, Belgrade (Serbia); Assoc. Prof. Ana Belazelkovska Grezhlovska, PhD, Faculty of Dental Medicine, European University - Skopje (Macedonia); Prof. Hristo Kissov, PhD, Faculty of Dentistry, Medical University of Plovdiv (Bulgaria); Prof Kujtim Shala, PhD, Head of Prosthodontics Department Dental school - Medical University, Univesity of Prishtina "Hasan Prishtina" (Kosovo); Prof. Hasan Mehmeti, PhD, Univesity of Prishtina "Hasan Prishtina" (Kosovo); Prof. Pietro Zecca, PhD, University of Florence, Department of Mathematics and Computer Science "Ulisse Dini" (DIMAI) (Italy).

Editor-in-Chief
Assoc. Prof. Anita Shesho, PhD, Faculty of Economics, EURM (Macedonia)
Technical Editor
Asst. Aleksandar Trajkovski, M.Sc., Faculty of Detectives and Criminalistics, EURM (Macedonia)
Graphic Design
Prof. Gordana Vrencoska, PhD, Faculty of Art and Design, EURM (Macedonia)
Cover Illustration
Kalina Fiona Miloshevska
Proofreader (Macedonian)
Valentina Cvetkoska
Proofreader (English)
Marija Dragovic, MA

UDC: "St. Kliment Ohridski" Library – Skopje
Copies: 30
Frequency: 2 Issues Per Year
Skopje, December 2025
Address
European University – Skopje
Kliment Ohridski Blvd 68
Skopje 1000, Macedonia
Telephone: +389 2 320 2020
Fax: +389 2 320 2030
Email: idea@eurm.edu.mk
www.eu.edu.mk

Почитувани читатели,

Со особена чест и задоволство ви го претставуваме 18-от број на *Меѓународното списание за наука и уметност ИДЕЈА*, во кој се содржани стручните и научните истражувања на авторите од различни области во науката и уметноста. Современите истражувања во науката и уметноста се карактеризираат со постојано надминување на дисциплинарните граници и со стремеж кон интеграција на различни области на знаењето.

Мултидисциплинарниот пристап претставува суштинска потреба на денешното општество, кое се соочува со комплексни предизвици што бараат синергија меѓу науката, технологијата, уметноста и етиката. Секоја од овие дисциплини носи сопствени белези и специфичен придонес кон научната мисла, но нивната заедничка поставеност овозможува создавање на нови идеи и иновативни решенија, кои ја отсликуваат комплексноста на современото општество. Науката и уметноста денес, меѓусебно се испреплетуваат и надополнуваат, со цел, да создадат нови перспективи во решавањето на тековните предизвици.

Во овој број се вклучени дел од трудовите кои учествуваа на Петнаесеттата меѓународна научна конференција во организација на Европски универзитет – Скопје, со наслов „Новата дигитална револуција во науката и уметноста“, како и трудови кои обработуваат специфични проблематики од потесните подрачја на интерес на авторите, со што, се збогатува научната дебата и се поттикнува понатамошен развој на знаењето во секоја од застапените области.

Презентираните трудови и дела на авторите, во овој број, обработуваат актуелни прашања како што се: новите трендови во економијата и менаџментот во услови на дигитална револуција; правните аспекти на примената на вештачката интелегенција во создавањето дела и интелектуалната сопственост; предизвиците во безбедноста во услови на дигитална револуција; примената на вештачката интелигенција во стоматологијата, уметноста и современи пристапи во медицината, здравството и стоматолошката практика; ликовни пракси, технологии и културни импликации; дизајнот во дигиталните медицински апликации; како и анализа на етичките аспекти во примената на технологиите во ерата на дигиталната револуција.

Веруваме дека ваквиот интердисциплинарен пристап на содржините, кои се опфатени во овој број, ќе бидат поттик за понатамошни истражувања и творештво во науката и уметноста.

Главен и одговорен уредник

Проф. д-р Анита Шешо

Esteemed readers,

It is with great honor and pleasure that we present the 18th issue of the *International Journal of Science and Art - IDEA*. This edition brings together professional and scientific research from authors across diverse fields, reflecting the dynamic interplay between science and art. Contemporary research is increasingly defined by the crossing of disciplinary boundaries and the pursuit of integration across multiple domains of knowledge.

A multidisciplinary approach has become essential in today’s society, which faces complex challenges requiring synergy among science, technology, art, and ethics. Each discipline contributes its own distinctive insights to scientific thought, yet their convergence fosters the creation of new ideas and innovative solutions that mirror the complexity of the modern world. Science and art today are deeply intertwined, complementing one another to generate fresh perspectives for addressing current issues.

This issue includes selected papers presented at the Fifteenth International Scientific Conference organized by the European University – Skopje, under the theme *“The New Digital Revolution in Science and Art.”* It also features contributions that explore specific topics within the authors’ areas of expertise, thereby enriching scholarly debate and encouraging the further advancement of knowledge across the disciplines represented.

The works presented here address pressing questions such as: emerging trends in economics and management in the context of the digital revolution; legal aspects of applying artificial intelligence in the creation of works and intellectual property; challenges to security in the digital era; applications of artificial intelligence in dentistry, art, medicine, healthcare, and dental practice; artistic practices, technologies, and cultural implications; design in digital medical applications; and analyses of ethical dimensions in the use of technology in the age of digital transformation.

We are confident that this interdisciplinary approach, embodied in the contents of this issue, will inspire further research and creativity in both science and art.

Editor-in-chief
Assoc. Prof. Anita Shesho, PhD

IDEA Int. J. Sci. Arts ИДЕЈА Меѓунар. Спис. Наук. Умет.	VOL. 9 ГОД.	NO. 18 Број.	pp. 1-152 стр.	Skopje 2025 Скопје

Содржина

ЕКОНОМИЈА

Проф. д-р Елизабета Стамевска

МЕНАЏМЕНТОТ ВО НОВАТА ДИГИТАЛНА РЕВОЛУЦИЈА.....9

Доц. д-р Павле Трпески, Станимир Трпески, проф. д-р Елизабета Стамевска

доц. д-р Мики Рунтев, доц. д-р Александар Трајковски

МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИСКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПОТРОШУВАЧКАТА КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.....15

ПРАВО И ПОЛИТИКА

Elena Jankoska, PhD, Prof. Aleksandra Stankovska, PhD

THE AUTHOR, THE ALGORITHM, AND THE IMAGE: A HISTORICAL AND LEGAL ANALYSIS OF AI'S IMPACT ON VISUAL ARTS AND INTELLECTUAL PROPERTY.....27

БЕЗБЕДНОСТ

Доц. д-р Билјана Богданова-Смилевска, ас. м-р Александар Трајковски

УЛОГАТА НА ИНТЕРПОЛ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ПОТРАГИ ПО ЛИЦА.....39

Анѓела Цветковска

ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА (AI) И РАЗУЗНАВАЊЕ ОД ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ (OSINT) ВО ОТКРИВАЊЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ.....51

ИНФОРМАТИКА

М-р Викторија Андонова

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ВОЗНИОТ РЕД И ПЛАЌАЊЕТО БИЛЕТИ ПРЕКУ МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ДИЗАЈНИРАНА ВО ФИГМА.....59

АРТ И ДИЗАЈН

Проф. д-р Јана Манева Чупоска

ЛИКОВНИ ПРАКСИ, ТЕХНОЛОГИИ И КУЛТУРНИ ИМПЛИКАЦИИ.....67

Вон. проф. д-р Иванка Апостолова Баскар

ЕСЕЈ КРЕИРАЊЕ НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ВИДЕО ТЕАТАРСКИ ПРОЕКТИ – ПРОДУКЦИЈА: КРИЕГ/АЦИНСЕЛАК (ГОДИНА: 2024).....75

М-р Славица Танеска

„ДУХОВИ НА ВРЕМЕТО".....81

М-р Андреј Стамевски
UI/UX ДИЗАЈНОТ ВО ДИГИТАЛНИТЕ МЕДИЦИНСКИ АПЛИКАЦИИ 85

ЕТИКА

Проф. д-р Зоран Крстевски
ОТКРИВАЊЕ НА СМИСЛАТА ВО ЕРАТА НА ДИГИТАЛНАТА РЕВОЛУЦИЈА.....91

Проф. д-р Зоран Крстевски, Јордан Велиновски
БУДА – МИСИОНЕР НА ЕТИКАТА.....101

МЕДИЦИНА И ЗДРАВСТВО

Проф. д-р Емилија Костадиновска, м-р д-р Дијана Јошева,
проф. д-р Ана Белазелковска Грежловска
ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРЕВЕНТИВНИТЕ СТРАТЕГИИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА КАРИЕСОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ОРАЛНАТА ХИГИЕНА КАЈ ДЕЦАТА.....111

Проф. д-р Маријана Мирческа, проф. д-р Катерина Василева Гешоска
КОНЦЕПТОТ НА ЕРГОНОМИЈА ВО СТОМАТОЛОГИЈАТА.....129

Prof. Katerina Vasileva Geshoska, PhD, Prof. Marijana Mircheska, PhD
DIGITAL TECHNOLOGY IN CREATING DENTAL CROWNS: A REVIEW.....137

Asst. Prof. Sandra Kosteska, PhD, Assoc. Prof. Mirjana Dimovska, PhD,
Assoc. Prof. Snezana Ivic-Kolevska, PhD, Assoc. Prof. Jasmina Mecheska-Jovchevska, PhD
A COMPUTERIZED LABORATORY INFORMATION SYSTEM – TOOL FOR IMPROVING QUALITY IN PUBLIC HEALTHCARE LABORATORIES.....145

МЕНАЏМЕНТОТ ВО НОВАТА ДИГИТАЛНА РЕВОЛУЦИЈА

UDC: 005:004 *Прегледен труд*

Проф. д-р Елизабета Стамевска

Факултет за економски науки, Европски Универзитет – Скопје, РС Македонија

Апстракт

Современите организации функционираат во услови на постојани технолошки промени, кои ја наметнуваат потребата од нови модели на управување и лидерство. Четвртата индустриска револуција, позната и како дигитална револуција, се карактеризира со брза интеграција на вештачка интелигенција, автоматизација, блокчејн и големи податоци. Оваа трансформација го менува начинот на кој компаниите креираат вредност, комуницираат со потрошувачите и организираат работни процеси.

Целта на трудот е да се истражи улогата на менаџментот во услови на дигитална револуција, при што се разгледуваат организациските промени, улогата на менаџерите како агенти на трансформација, технолошките иновации кои влијаат врз управувањето, предизвиците и ризиците од дигитализацијата, како и идните перспективи за одржлив развој. Со анализа на современите трендови, трудот настојува да даде целосна слика за тоа како менаџментот може да се позиционира како двигател на промени во новата дигитална ера.

Клучни зборови: *менаџмент, дигитална револуција, дигитална трансформација, лидерство, технологија, организациска култура, иновации*.

MANAGEMENT IN THE NEW DIGITAL REVOLUTION

Abstract

Modern organizations operate in conditions of constant technological change, which impose the need for new models of management and leadership. The fourth industrial revolution, also known as the digital revolution, is characterized by the rapid integration of artificial intelligence, automation, blockchain and big data. This transformation is changing the way companies create value, communicate with consumers and organize work processes.

The aim of the paper is to explore the role of management in conditions of the digital revolution, considering organizational changes, the role of managers as agents of transformation, technological innovations that affect management, challenges and risks of digitalization, as well as future perspectives for sustainable development. By analyzing contemporary trends, the paper seeks to provide a complete picture of how management can position itself as a driver of change in the new digital era.

Keywords: *management, digital revolution, digital transformation, leadership, technology, organizational culture, innovations*.

Вовед

Во последните децении, светот станува сведок на радикални технолошки промени што ја преобликуваат глобалната економија, политиката и општеството. Ако Првата индустриска револуција се темелеше на парната машина, Втората на електричната енергија, а Третата на дигитализацијата и компјутерите, денес Четвртата индустриска револуција претставува фаза на технолошка конвергенција во која се спојуваат физичкиот, дигиталниот и биолошкиот свет, со длабоки последици врз економијата, општеството и пазарот на труд.[1] Современите дигитални технологии создаваат нов баланс омеѓу машините, платформите и заедниците, со што се менуваат традиционалните модели на работа на менаџментот.[2]

Менаџментот, како дисциплина која ги насочува организациите кон постигнување на целите, се наоѓа во срцето на овие трансформации. Од менаџерите се очекува не само да управуваат со ресурсите, туку да бидат и визионери, иноватори и лидери кои ќе обезбедат конкурентност на организациите во услови на глобална конкуренција и забрзани промени.

Дигиталната револуција значително го менува контекстот на менаџментот и лидерството, поставувајќи нови предизвици и отворајќи можности за организациската ефикасност и иновации. Организациите кои успешно ја интегрираат дигиталната технологија со стратегиското управување постигнуваат поголема адаптивност и конкурентска предност.

1. Дигиталната револуција и организациските промени

Терминот „дигитална револуција“ се однесува на интеграцијата на дигиталните технологии во секојдневното работење и во развојот на општеството. Во менаџментот, оваа револуција доведе до:

- **Промена на деловните модели** (е-трговија, дигитални услуги, виртуелни платформи);
- **Воведување на нови алатки за управување** (ERP системи, CRM платформи);
- **Индустрија 4.0** – автоматизација, вештачка интелигенција (AI).

Според современите истражувања, менаџерите мора да развијат дигитални компетенции кои опфаќаат технолошка писменост, аналитичко размислување, способност за управување со промени и креативен пристап кон решавање проблеми.

Дигиталната револуција го менува начинот на кој организациите функционираат. Во традиционалните бизнис модели, процесите беа линеарни и стабилни, со јасни хиерархиски структури. Денес, компаниите се соочуваат со динамична средина, каде што вредноста се создава преку иновации, брза адаптација и користење на дигитални технологии.

- Автоматизација – машините и алгоритмите ги заменуваат луѓето во рутински процеси.
- Флексибилни структури – хиерархиските модели се заменуваат со тимови ориентирани кон проекти и резултати.

[1] Schwab, K. (2016). *The Fourth Industrial Revolution*. World Economic Forum.
[2] Brynjolfsson, E., & McAfee, A. (2017). *Machine, Platform, Crowd: Harnessing Our Digital Future*. W. W. Norton & Company.

- Култура на иновации – компаниите инвестираат во истражување и развој, поттикнувајќи креативност и експериментирање.
- Пазарна динамика – новите технологии овозможуваат брзо влегување на нови играчи, што ја зголемува конкуренцијата.

Примената на вештачката интелигенција во реалниот свет најчесто се заснова на практични, не на футуристички решенија, при што организациите ја користат за автоматизација и аналитика.[3] Според извештајот на McKinsey & Company (2021), примената на вештачката интелигенција продолжува да расте во сите индустрии, при што најголеми придобивки се забележуваат во маркетингот, производството и управувањето со податоци.[4]

2. Улогата на менаџментот во дигиталната ера

Улогата на менаџментот значително се проширува во дигиталната ера. Менаџерите повеќе не се само координатори на активности, туку стратешки лидери и агенти на промени.

- Стратешко лидерство – менаџерите треба да имаат визија за дигитална трансформација и да ја претворат во конкретни цели;
- Дигитални компетенции – познавање на технологии (AI, cloud, big data) и нивна примена во менаџментските процеси;
- Мотивација на вработените – во дигиталната ера мотивацијата не се заснова само на плата, туку на признание, автономија и можност за креативна работа;
- Управување со ризици – поради сајбер закани, менаџерите мораат да воспостават механизми за безбедност и доверба;
- Организациска култура – важна улога има создавање култура што ја прифаќа дигитализацијата како дел од секојдневието.

Според OECD (2021), дигиталната трансформација претставува клучен двигател на иновациите во јавниот сектор, овозможувајќи поголема транспарентност, ефикасност и ориентираност кон граѓаните.[5] Технолошкиот напредок постепено ја менува природата на професионалните занимања, при што алгоритмите и дигиталните системи преземаат сè поголем дел од експертските задачи што традиционално ги извршувале луѓето.[6]

3. Човечки ресурси и дигиталната револуција

Дигиталната револуција претставува една од најдлабоките трансформации на современото општество и економија, со силно влијание врз начинот на кој организациите управуваат со човечките

[3] Davenport, T. H., & Ronanki, R. (2018). *Artificial Intelligence for the Real World*. Harvard Business Review.
[4] McKinsey & Company (2021). *The State of AI in 2021*. https://www.mckinsey.com/.
[5] OECD (2021). *Digital Transformation and Public Sector Innovation.* https://www.oecd.org/.
[6] Susskind, R., & Susskind, D. (2015). *The Future of the Professions: How Technology Will Transform the Work of Human Experts*. Oxford University Press.

ресурси. Иако технологијата е главен двигател на промените, човечкиот капитал останува клучен ресурс. Дигитализацијата бара нов пристап во управувањето со човечки ресурси:

- Развој на дигитални вештини – компаниите вложуваат во обуки за дигитална писменост и технички компетенции;
- Флексибилни модели на работа – виртуелни тимови, далечинска работа и хибридни модели станаа стандард;
- Емоционална интелигенција – менаџерите мора да демонстрираат емпатија и способност за водство на мултикултурни и дистрибуирани тимови;
- Нови мотивациски модели – наместо класични бонуси, се применуваат програми за личен развој и креативна слобода.

Tapscott (2014) ја опишува дигиталната економија како нова ера на поврзаност и интелигентни мрежи кои радикално ги менуваат бизнис моделите, управувањето со знаењето и односите меѓу организациите и потрошувачите[7] Современите технологии создаваат нови можности за менаџерите:

- Биг дата и аналитика – овозможуваат носење на одлуки врз основа на податоци;
- Вештачка интелигенција – автоматизира задачи, анализира трендови и дава предвидувања;
- Клауд технологија – обезбедува глобален пристап и колаборација без просторни ограничувања;
- Блокчеин – зголемува транспарентност во финансиски трансакции и снабдувачки синџири.

4. Предизвици и идни перспективи на менаџментот

Дигиталната трансформација носи етички и социјални предизвици, како што се заштита на податоци, автоматизација на работни места и социјална интеграција на новите технологии. Истовремено, предизвиците на менаџментот се насочени кон слдново:

- Отпор кон промени – вработените често се скептични кон новите технологии;
- Недостаток на компетенции – недоволно обучена работна сила создава јаз на пазарот;
- Сајбер безбедност – заканите од хакерски напади се сè поголеми;
- Етички прашања – злоупотреба на лични податоци, алгоритамска пристрасност и недостаток на транспарентност;
- Губење на работни места – автоматизацијата носи страв од невработеност кај традиционалните индустрии.

Идните перспективи за менаџментот се поврзани со развој на дигитално лидерство и адаптивни организациски модели. Иднината на менаџментот треба да се развива во знакот на:

- ✓ Агилно лидерство – менаџерите ќе мораат брзо да се адаптираат на промените;
- ✓ Одржлив развој – дигитализацијата ќе се комбинира со принципите на одговорност и етика;
- ✓ Мрежни екосистеми – компаниите ќе делуваат во партнерства и заеднички иновациски платформи;

[7]Tapscott, D. (2014). *The Digital Economy: Rethinking Promise and Peril in the Age of Networked Intelligence*. McGraw-Hill.

- ✓ Континуирано учење – менаџерите ќе мора постојано да ги надградуваат своите компетенции.

Значи, може да се каже дека успешната дигитална трансформација не зависи само од технологијата, туку од способноста на организациите да ја интегрираат дигиталната стратегија со бизнис моделите и организациската култура.[8] Во целина, идниот менаџмент треба да се заснова на интеграција на дигитални технологии, континуирано учење, адаптивно лидерство и стратегиско управување со човечкиот капитал, овозможувајќи организациите да се прилагодат на динамичната дигитална средина.

Заклучок

Менаџментот во новата дигитална револуција претставува динамична и комплексна дисциплина која бара од менаџерите нови вештини, визија и лидерство. Дигитализацијата нуди огромни можности за зголемување на продуктивноста и иновациите, но истовремено носи ризици и предизвици кои мораат да се адресираат. Успехот на организациите зависи од способноста на менаџерите да воспостават баланс меѓу технолошкиот напредок и човечкиот фактор, да создадат култура ориентирана кон промени и да обезбедат одржлива конкурентност.

Дигиталната револуција претставува истовремено предизвик и можност за менаџерите. За успешна адаптација потребни се:

- **Инвестиции во дигитални компетенции и континуирана едукација,**
- **Развој на стратегии за кибер безбедност,**
- **Создавање организациска култура отворена за промени,**
- **Интегрирање на технологијата со човековиот капитал,** наместо негово заменување.

Со вакви чекори, менаџментот ќе може да ги искористи придобивките од дигиталната трансформација и да ја обезбеди долгорочната конкурентност и одржливост на организациите.

Conclusion

Management in the new digital revolution is a dynamic and complex discipline that requires managers to have new skills, vision and leadership. Digitalization offers enormous opportunities for increasing productivity and innovation, but at the same time brings risks and challenges that must be addressed. The success of organizations depends on the ability of managers to establish a balance between technological progress and the human factor, to create a culture oriented towards change and to ensure sustainable competitiveness.

The digital revolution is both a challenge and an opportunity for managers. Successful adaptation requires:

- Investments in digital competencies and continuous education,
- Development of cybersecurity strategies,

[8] Westerman, G., Bonnet, D., & McAfee, A. (2014). *Leading Digital: Turning Technology into Business Transformation*. Harvard Business Review Press.

- Creating an organizational culture open to change,
- Integrating technology with human capital, rather than replacing it.

With such steps, management will be able to take advantage of the benefits of digital transformation and ensure the long-term competitiveness and sustainability of organizations.

Користена литература

1. Brynjolfsson, E., & McAfee, A. (2017). *Machine, Platform, Crowd: Harnessing Our Digital Future*. W. W. Norton & Company;
2. Davenport, T. H., & Ronanki, R. (2018). *Artificial Intelligence for the Real World*. Harvard Business Review;
3. McKinsey & Company (2021). *The State of AI in 2021*. https://www.mckinsey.com;
4. OECD (2021). Digital Transformation and Public Sector Innovation. https://www.oecd.org/;
5. Susskind, R., & Susskind, D. (2015). *The Future of the Professions: How Technology Will Transform the Work of Human Experts*. Oxford University Press;
6. Schwab, K. (2016). *The Fourth Industrial Revolution*. World Economic Forum;
7. Tapscott, D. (2014). *The Digital Economy: Rethinking Promise and Peril in the Age of Networked Intelligence*. McGraw-Hill;
8. Westerman, G., Bonnet, D., & McAfee, A. (2014). *Leading Digital: Turning Technology into Business Transformation*. Harvard Business Review Press.

МЕЃУНАРОДНИ ФИНАНСИСКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПОТРОШУВАЧКАТА КАКО ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

UDC: 334.722:3339.72(497.7) *Прегледен труд*
334.722:338.5(497.7)
334.722(497.7:4-672EU)

Доц. д-р Павле Трпески[1], Станимир Трпески[2], проф. д-р Елизабета Стамевска[1], доц. д-р Мики Рунтев[1], доц. д-р Александар Трајковски[1]
[1]Факултет за економски науки, Европски Универзитет – Скопје
[2]Академија за обука, образование и наука – АООН

Апстракт

Мотив за пишување на трудот е да се одговори на прашањето како новите глобални состојби и предизвици придонесоа кон големите промени во потрошувачкото однесување и претприемачките можности во РС Македонија. Имено, како причини за таквите состојби, може да се издвојат неколку и тоа: развојот на дигитализацијата, постковид стабилизацијата, зголемената.еновна чувствителност, ориентација кон одржливоста и,т.н. Исто така, неколку мотиви се причина за меѓународните тенденции, промени и ефекти од движењата на големи турбуленции предизвикани од досегашните глобални кризи. Поради тоа, во оваа насока, се прави обид да се одговори на прашањето колку влијаеја можностите и средствата за нормализација од ценовните шокови на домашната потрошувачка, како и состојбите во претприемништвото, во споредба со напредните и развиените економии, во последните неколку години.

Целта на трудот е да ги нагласи и причините и динамиката за констатираните турбуленции и низ каков процес на транзиција поминуваа. Од суштинско значење беше потребата да се приспособат различни елементи во домашните политики во компарација со меѓународните движења и случувања, што влијаеше на севкупните услови за нивниот развој.

Исто така, целта на трудот е да укаже на подобра финансиска стабилизација, од една страна, а од друга страна, со следењето и анализирањето на меѓународните економски политики на развиените земји да се подобрат домашните ценовни предизвици.

Основното истражувачко прашање е со каква динамика и движења се соочија напредните економии по големите ценовни турбуленции, потрошувачката, како и состојбите со претприемништвото. Но, и какво влијание имаше врз македонскиот финансиски сектор по големите пазарни турбуленции, особено предизвикани од пандемијата и моменталните војни во Украина и Израел.

Од истражувањето се очекува дека националните финансии, потрошувачката, претприемништвото и меѓународните финансиски турбуленции во иднина ќе се развиваат во насока кон надминување на големиот број проблеми и предизвици со кои се соочуваат до денес.

Клучни зборови: *потрошувачка, претприемништво, цени, предизвици, дигитализација, финансиска стабилност.*

INTERNATIONAL FINANCIAL CHALLENGES IN CONSUMER SPENDING AS A FACTOR IN THE DEVELOPMENT OF ENTREPRENEURSHIP IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

Abstract

The motive for writing the paper is to answer the question of how the new global conditions and challenges have contributed to major changes in consumer behavior and entrepreneurial opportunities in the Republic of North Macedonia. Namely, as reasons for such conditions, several can be distinguished, namely: the development of digitalization, post-covid stabilization, increased price sensitivity, orientation towards sustainability, etc. Also, several motives are the cause of international tendencies, changes and effects of the movements of major turbulences caused by the previous global crises. Therefore, in this direction, an attempt is made to answer the question of how much the possibilities and means of normalization from price shocks have affected domestic consumption, as well as the situation in entrepreneurship compared to advanced economies and developed economies, in the last few years.

The purpose of the paper is to emphasize both the reasons and dynamics of the observed turbulences and what transition process they went through. Of essential importance was the need to adjust various elements in domestic policies in comparison with international movements and developments, which affected the overall conditions for their development.

Also, the aim of the paper is to point to better financial stabilization, on the one hand, and, on the other hand, to improve domestic price challenges by monitoring and analyzing the international economic policies of developed countries.

The basic research question is what dynamics and movements advanced economies faced after the major price turbulences, consumption, as well as the situation with entrepreneurship. But also, what impact did it have on the Macedonian financial sector after the major market turbulences, especially caused by the pandemic and the current wars in Ukraine and Israel.

The research expects that national finances, consumption, entrepreneurship and international financial turbulences will develop in the future in the direction of overcoming the large number of problems and challenges they have faced to date.

Keywords: *consumption, entrepreneurship, prices, challenges, digitalization, financial stability*.

Вовед

Денес, постои фундаментална промена што се случува во националните финансии, а особено на меѓународните финансиски пазари. Она што се случува со дигитализацијата на пазарите, финансиите и меѓународната трговија, особено пазарите на капитал, започнува да го предизвикува сегашното разбирање на финансискиот системи. Имено, во последните неколку години, многу земји се соочија со големи предизвици од ценовните турбуленции, инфлацијата, потрошувачката, енергенсите. Но, и каков ќе биде развојот на претприемништвото во тие земји. Од друга страна, карактеристично е тоа што, денес инвеститорите започнаа да го инвестираат својот капитал онаму каде што има знаење за современата технологија и иновациите, како и подобрите можности што ги нудат државите. Компаративно на ова, РС Македонија, овој тренд постепено го губи поради неможноста од справување со новата ера на претприемништвото.

Поради ова, трудот ја истражува состојбата, улогата и важноста на домашната финансиска стабилност, која се движеше под влијание на големите турбуленции предизвикани од постпандемијата и моменталната воена експанзија во Украина и воененета интервенција во Израел. Но, и соочување со многуте други фактори предизвикани од растот на инфлацијата, турбуленциите со цените, потрошувачката и. т.н.

Исто така, овој труд ја истражува потребата, улогата и важноста на новите состојби и предизвици со цените и потрошувачката, како и факторот за развој на претприемништвото на РС Македонија, во компарација со напредните и развиени економии. Имено, поради новонастанатата ситуација со воените кризи, тие бараат нови пристапи, нова национална и меѓународна регулатива, користење на нови инструменти, нова улога во светските и регионалните финансиски одговорни институции и. т.н.

Така, овој труд од повеќе страни предупредува за опасноста од фактот што во овој кризен и турбулентен период, националните финансии и меѓународните финансии се во голема потрага по нова рамнотежа. Но, контролата на капиталот и движењата на финансиските политики често пати се сметаат како најдобро решение, кое ќе ги ублажува или отстапува ефектите од други пазарни неуспеси.

Затоа, целта на трудот е да се идентификуваат турбуленциите и движењето на координацијата меѓу финансиската политика, ценовната стабилност и развојот на претприемништвото во слабо развиените економии, особено во последниот петгодишен периодот. Како такви, сложени и карактеристични состојби станаа прашањата за енергенсите, за блокирањето на движењето на работната сила, средствата за производството, но и политиката за глобалната економија. Во глобализираната ера, овие односи и понатаму заслужуваат посебна анализа, следење и контролирање.

Токму тоае основната хипотеза на трудот, дека, меѓународната економија и финансиските пазари денес, се соочуваат со нови предизвици и ризици. Причина за тоа се сложените состојби во меѓународните економски и финансиски односи предизвикани од досегашните кризи, како и геополитиката со воената криза во Украина.

За таа цел, генерално, трудот е поделен на два дела, кои ги опфаќаат теоретските структурно-методолошки изучувања. Имено, се опишуваат предизвиците, проблемите и состојбите на домашните и на меѓународните процеси што ги карактеризираат влијанијата за финансиска стабилност во услови на сè уште постојана криза. Но, и да укаже, како овие состојби ги преобликуваа финансиските пазари и финансиските системи и како влијаеае врз националните финансии и врз начинот на финансирање на пазарите и претприемништвото до денес.

Како проблем, кој може да се издвои, а во контекст на глобалните предизвици и состојби, е разбирањето на детерминантите и приоритетите на регионално и национално ниво. Поради тоа, неопходно е побрзо глобално стабилизирање, приближување и повисоки приходи за поголема благосостојба.

1. Преглед на глобалните финансиски трендови и предизвици во потрошувачката во развојот на претприемништвото

Денес, развојот на дигиталното прифаќање, особено во е-трговијата во Западен Балкан изнесува околу 5-10% на годишно ниво. Имено, многу студии ја поврзуваат „штедливоста“ во потрошувачката и преференците за одржливост со новите пазари, сервисите за поправка, локалната храна, циркуларните бизнис модели и. т.н. Така, извештаите на Global Entrepreneurship Monitor,[1] покажуваат пониско претприемништво, поттикнато од можностите во РС Македонија, во споредба со ЕУ партнерите, што укажува на нереализиран потенцијал.

Имено, студијата користи дескриптивна анализа на секундарни податоци од базата на податоци за потрошувачка на Светска банка, микроподатоци од Државниот завод за статистика, според временски серии[2] и политички извештаи за 2019-2025 година. Додека, индикаторите беа нормализирани и триангулирани низ повеќе извори за гарантирање на конзистентност.

Табела бр. 1. Реален раст на потрошувачката на домаќинствата и инфлацијата, во РС Македонија изразено во проценти според БДП, за период 2021 – 2025 година

Индикатор	**2021**	**2022**	**2023**	**Q1 2025**
Потрошувачка на домаќинствата (млрд US$)	9,49	9,69	10,79	–
Реален раст на БДП (%)	4,0	2,1	2,8	3,0
Инфлација (годишно %)	3,2	19,8	4,9	3,5

[1] Global Entrepreneurship Monitor – *North Macedonia National Report,* 2024.
[2] Trading Economics. (n.d.). North Macedonia household consumption expenditure: Annual data series 2019-2025. https://tradingeconomics.com/north-macedonia/household-consumption-expenditure.

Индикатор	2021	2022	2023	Q1 2025
Месечен ИПЦ (март 2025, %)	–0,3	–0,4	–0,8	–1,3

Извор: Сопствена изработка: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. (n.d.). Микроподатоци од Попис на населението, домаќинствата и становите 2021. https://www.stat.gov.mk/PodatociEn/MikroPodatoci.aspx

Во табела бр. 1, евидентни се состојбите и турбуленциите на движењата и структурата на потрошувачката во макроекономски контекст со кое услугите сочинуваат 51% од трошоците на домаќинствата; храната и безалкохолните пијалаци 26%, транспортот 11%. Онлајн продажбите сочинуваат 9% од малопродажниот промет, со хоби и слободно време“ како најголема категорија (27%). Структурата на потрошувачката во РС Македонија ја илустрира доминацијата на секторот на услуги, кој учествува со 51% од вкупните трошоци на домаќинствата, што укажува на еволуција кон економија ориентирана кон нематеријални добра и искуства. Според тоа, индустрија и безалкохолните пијалаци укажуваат на 26% од потрошувачката, што ја рефлектира трајната потреба за задоволување на основните животни потреби, но и растечката важност на квалитетот и здравствената свесност во изборот на производи. Исто така, транспортот беше со удел од 11%, што ја нагласува зависноста на македонските домаќинства од мобилноста и која се проширува во услови на урбанизација и растечка регионална интеграција. Онлајн малопродажбата достигна 9% од вкупниот малопродажен промет, што претставуваше критичен индикатор на дигиталната трансформација и зголемена прилагодливост на потрошувачите кон виртуелни канали за купување. Имено, дигиталната средина, категоријата хоби и слободно време, изнесуваше 27%, укажувајќи дека потрошувачите се повеќе инвестираат во искуства и персонализирани содржини како реакција на зголеменото слободно време и побарувачката за емоционална исполнетост.

Табела бр. 2. Удел на вкупните претпријатија, вработеноста и додадената вредност, изразено во проценти за 2022 година

Метрика	Вредност	Споредба
Удел во вкупните претпријатија	99%	ЕУ: 99%
Удел во вработеноста	73,5%	ЕУ: 65%
Удел во додадената вредност	65,7%	ЕУ: 56%
Активни претпријатија	71.228	–

Извор: Сопствена изработка: https://www.stat.gov.mk/Publikacii/Godisnik.aspx.

Во табела бр. 2, се укажува на состојбите на вкупните претпријатија, вработеноста и додадената вредност, како и профилот на малите и средни претпријатијац за 2022 година. Врз основа на тоа, може да се направи компарација за напредните и развиените економии.


2. Движењето на стартапи и иновации во РС Македонија во компарација со ЕУ

Денес постојат многу различни сектори кои се подготвени да се судрат со новата дигитална револуција. Во оваа насока, за РС Македонија карактерно е што има повеќе од 500 стартапи или (30 на 100.000 жители), најмногу во регионот. Според ВЦ-договорите изнесуваа $57,7 милиони до средината на 2025 година. Сепак, трошоците за истражување и развој изнесуваат само 0,4% од БДП – 23% според просекот на ЕУ.[3] Така на пример, поврзувањето на потрошувачките предизвици со претприемничките можности укажуваат дека:[4]

1. *Дигитална трговија на мало или растот на е-трговијата*, отвора простор за логистички платформи, финтек и решенија.
2. *Потрошувачи кои бараат вредност т.е. ценовната побарувачка,* поттикнува производство на приватни марки и услуги за поправка по претплата;
3. *Преференца за локални брендови* – храна и еко, туристичките претпријатија добиваат предност, усогласувајќи се со инспирацијата „купувај локално“;
4. Поттик за одржливост – циркуларната мода и стартапите го искористуваат глобалниот капитал;
5. Политички препораки;
6. Ваучери за дигитални вештини за вработените во МСП, стратегија за интегрирање во националната ИТК;
7. Финансиски прозорец за скалирање во Фондот за иновации за коинвестирање во Series A–C заедно со странски ВЦ-фондови (странски вентур капитал (ВЦ) фондови се инвестициски фондови регистрирани надвор од домашната јурисдикција кои инвестираат во стартап компании и млади претпријатија со висок раст. Овие се во улога на главен двигател на финансирање на иновации и технологија на глобално ниво);
8. Квоти за зелени јавни набавки кои ги фаворизираат стартапите од циркуларната економија.

[3] https://www.gem-makedonija.org.mk/wp-content/uploads/2017/01/pretpriemnistvo-vo-makedonija-gem2012.pdf стр. 16-17.
[4] https://www.gem-makedonija.org.mk/wp-content/uploads/2017/01/pretpriemnistvo-vo-makedonija-gem2012.pdf стр. 18.

Графикон бр. 1. Раст на дигиталната трговија на мало во РС Македонија за 2020-2025 година, логистичките платформи и финтек решенијата



Според графикон бр. 1 евидентни се глобалните промени во потрошувачката кои го претставуваат фундаменталниот катализатор за трансформативен развој на македонското претприемништво, наместо закана за неговата стабилност. Така, современата литература[5] за претприемнички еко системи ја нагласува важноста како системско својство, кое произлегува од динамичкната интеракција помеѓу институционалната поддршка, мрежните ефекти и иновативната култура. Во контекстот на РС Македонија, каде што МСП претставуваат 99% од претпријатијата, кои генерираат 73,5% од вработеноста, оваа отпорност се манифестира брза адаптација на променливите потрошувачки преференции.[6]

Универзитетските претприемнички екосистеми (UBEE)[7] укажуваат на статистички значајно влијание врз претприемничките намери кај студентите од сите дисциплини, а исто така, укажува на потенцијалот за системска трансформација на човечкиот капитал. Ова е особено релевантно за РС Македонија, која има најголема густина на стартапи во Западен Балкан (30 на 100.000 жители), што укажува на постоење на ендогена иновативна динамика.

2.1. Глобални потрошувачки императиви како развојни можности

Глобалните истражувања за 2025 година откриваат три клучни потрошувачки трендови, кои директно се совпаѓаат со компаративните предности на македонскиот МСП сектор и тоа:[8]

- *Кружната економија,* (циркуларна економија), е прифатена од 72% од глобалните потрошувачи, што се совпаѓа со ОЕЦД[9] пристапот кон РС Македонија за развој на кружна економија во пет приоритетни сектори (МСП, градежништво, биомаса, текстил, рударство). Оваа конвергенција создава структурна можност за извоз на одржливи производи и услуги;

[5] https://www.globalbankingandfinance.com/consumer-behavior-trends-in-2025-a-comprehensive-analysis.
[6] https://www.abacademies.org/articles/the-impact-of-universitybased-entrepreneurial-ecosystems-on-students-entrepreneurial-intentions-17493.html.
[7] https://www.abacademies.org/articles/the-impact-of-universitybased-entrepreneurial-ecosystems-on-students-entrepreneurial-intentions-17493.html.
[8] https://www.mckinsey.com/industries/consumer-packaged-goods/our-insights/state-of-consumer.
[9] https://www.oecd.org/content/dam/oecd/en/publications/reports/2024/03/a-roadmap-towards-circular-economy-of-north-macedonia_f4d7444c/1973c88c-en.pdf.

- Локализацијата на потрошувачката е преферирана од 58% од потрошувачите глобално[10], кое ги фаворизира помалите, локално вкоренетите претпријатија наспрема мултинационалните корпорации. Имено, ова претставува стратешка предност за македонските МСП во регионалните и европските пазари;
- Вредносно-ориентираното купување е адаптирано на 79% од потрошувачите, кои практикуваат прекукатегориско разменување, што создава ниши за иновативни бизнис модели базирани на функционалност наместо луксуз.[11]

2.2. Дигитализацијата како системски овозможувач

Според, програмата на Европска банка за обнова и развој[12], за Западен Балкан, од 377 милиони евра, за 2023 година, претставува важен развоен фактор на дигиталната трансформација. Академските истражувања потврдуваат дека успешната дигитална трансформација кај малите и средни претпријатија бара подетален пристап кој ќе ги интегрира информациските системи, организациските промени и финансиското планирање. Имено, за РС Македонија, се укажува на тоа дека 71%[13] од е-трговските трансакции се реализираат преку мобилни уреди, кое може да се определи како дигитална зрелост. Истата, може да се трансформира во конкурентска предност преку стратешки насочени интервенции за надградување на вештините.

2.3. Инклузивен раст како системски резултат

Комбинацијата на овој тристратешки императив со забрзано дигитално надградување, како и со подобрен пристап до капитал и негување на одржливи ниши, создава услови за развоен ефект. Литературата за ендоген раст ја нагласува улогата на знаењето и иновациите како самогенерирачки фактори, кои создаваат позитивни екстерни ефекти и долгорочна конкурентска предност.[14] Додека, за РС Македонија, трошоците за истражување и развој изнесуваат само 0,4% од БДП, што укажува на значителен простор за интензивирање на иновативните активности. Интеграцијата на глобалните потрошувачки трендови со локалните компаративни предности може да резултира со мултипликаторски ефекти кои ќе ја зголемат продуктивноста и конкурентноста.

Заклучок

Глобалните пазари за потрошувачка доживееја најбрза трансформација со појавата на масовната употреба на е-трговијата. Денес, потрошувачите во развиените економии купуваат онлајн, активно, кон поевтини опции, а скоро половина намерно избираат локални брендови. За малите и отворени економии како РС Македонија, овие промени претставуваат и закани – еродирање на маржите, увозна

[10] https://www.mckinsey.com/industries/consumer-packaged-goods/our-insights/state-of-consumer.
[11] https://www.mckinsey.com/industries/consumer-packaged-goods/our-insights/state-of-consumer.
[12] https://www.eeas.europa.eu/delegations/bosnia-and-herzegovina/eu-and-ebrd-launch-%E2%82%AC377-million-sme-digitalisation-programme-western-balkans_en.
[13] https://www.mordorintelligence.com/industry-reports/north-macedonia-ecommerce-market.
Мисијата на Интерпол е: „Превенција и борба против криминалот, преку зајакната соработка и иновација во полициските и безбедносните работи“. Интерпол ја олеснува најширокаата можна меѓусебна помош помеѓу криминалистичките служби. Дава сигурност дека полициските служби ширум светот можат да комуницираат безбедно, и овозможува директен пристап до полициски податоци и информации на глобално ниво. Обезбедува оперативна поддршка во специфични области на криминалот. Континуирано работи на подобрување на полициските капацитети во превенција и борба против криминалот и развој на вештини неопходни за ефективно меѓународно полициско делување.[1]

Визијата на Интерпол е да овозможи глобална соработка на полициските служби во борбата против криминалот. Системот на Интерпол е развиен со цел ефикасна размена на податоци, верификација и поддршка при идентификација и приведување на лица барани од правосудните органи. Интерпол не спроведува апсења директно и не делува како наднационален орган, туку како координатор и комуникациски механизам. Потрагата по лица претставува една од најчестите и најзначајни активности.

Интерпол прибира, средува, анализира и разменува бројни податоци и информации за извршените кривични дела, нивните сторители, криминални групи и организации, врши идентификација на сомнителни лица или лица за кои е распишана потерница, потоа лишува од слобода

[1] „Интерпол“, *Министерство за внатрешни работи*, https://mvr.gov.mk/mk-MK/ministerstvo/interpol, пристапено на 09.11.2025 година.

лица поради постоење основано сомнение дека извршиле некое кривично дело, но секогаш постапувајќи по налог на правосудните органи на поедини држави итн.[2]

Интерпол е надлежен за постапување во следните случаи:

а) илегално производство и трговија со опојни дроги;

б) фалсификување и растурање на пари, чекови, други вредносни хартии;

в) фалсификување на уметнички дела;

г) кражби, измами, провали;

д) убиства;

ѓ) проституција и трговија со бело робје.[3]

Интерпол има строго дефинирани принципи и ограничувања во своето дејствување:

1) ***Политичка неутралност:*** Интерпол не смее да се меша во политички, воени, расни или религиозни прашања. Неговата улога е ограничена на поддршка на полициската соработка за криминални, а не политички или идеолошки прашања.
2) ***Нема извршни овластувања:*** Интерпол нема право да апси или притвора лица. Тој служи како посредник за полициските сили на земјите-членки. Сите акции мора да се спроведуваат од страна на националните власти, врз основа на нивните закони и процедури.
3) ***Нема директно учество во судски процеси:*** Интерпол не учествува во судски постапки и не носи пресуди. Неговата улога е да обезбеди разузнавачки информации и поддршка на истрагите.[4]

1. Организациска структура на Интерпол

Интерпол функционира преку следните главни тела: Генерално собрание, Извршен комитет и Генерален секретаријат. Во секоја земја постои Национално централно биро (НЦБ), кое служи како главна врска со организацијата. НЦБ во Македонија функционира во рамки на МВР. Посебна улога играат специјализираните бази на податоци, аналитички центри и оперативни тимови за поддршка на земјите-членки.

Генералното собрание (General Assembly) е највисокиот орган на Интерпол кој има улога да ја определува општата политика и насоки на организацијата. Се состанува еднаш годишно, а во него членуваат делегати од сите земји-членки. На овие состаноци се дискутираат прашања поврзани со буџетот, стратешкиот развој, правни и оперативни прашања.

Надлежности на Генералното собрание:

- избор на членовите на Извршниот комитет;
- одобрување на буџетот и работната програма;
- донесување на резолуции и препораки;

[2] Богданоски, М., *Вовед во криминалистика*, Охрид: Коста Абраш, 2021, стр. 69-70.
[3] *Ibid*., стр. 70.
[4] Цуклески, Г., *Вовед во криминалистика*, Скопје: Соларис принт, 2009.

- примање нови земји-членки.

Секоја земја има право на глас, независно од нејзината големина или финансиски придонес.

Извршен комитет (Executive Committee)

Извршниот комитет е управно тело кое се грижи за имплементацијата на одлуките на Генералното собрание. Се состои од 13 членови:

- претседател;
- тројца потпретседатели (по еден од секој континент);
- девет делегати.

Мандатот на членовите на Извршниот комитет е три години, без можност за повторен избор. Овој орган оддржува редовни состаноци најмалку двапати годишно и има задача да ги надгледува активностите на Генералниот секретаријат.

Генералниот секретаријат (General Secretariat) е постојаното административно и оперативно тело на Интерпол, со седиште во Лион, Франција. Ова тело е срцето на Интерпол, одговорно за дневното функционирање и координација меѓу земјите-членки.

На чело на Генералниот секретаријат стои генералниот секретар, кој е именуван од Генералното собрание со мандат од пет години, со можност за реизбор. Секретаријатот работи 24/7 и располага со повеќе од 1.000 вработени од над 100 земји.

Главни функции:

- оперативна поддршка на земјите-членки;
- управување со бази на податоци за криминал и криминалци;
- комуникација преку безбедниот систем I-24/7;
- подготовка на извештаи и анализа на криминални трендови.

Национални централни бироа (National Central Bureaus – NCBs)

Секоја земја-членка е должна да воспостави Национално централно биро (NCB) – тоа е најважната контакт-точка помеѓу Интерпол и националните полициски сили. НЦБ се наоѓаат во рамките на министерствата за внатрешни работи или полицијата на соодветната земја.

Улога на НЦБ:

- пренос на информации кон и од Интерпол;
- спроведување на меѓународни потерници;
- координација со други НЦБ низ светот;
- поддршка во меѓународни истраги.

НЦБ е од клучно значење за практичното спроведување на активностите на Интерпол на терен.

Регионални канцеларии

Покрај централата во Лион, Интерпол има воспоставено регионални канцеларии низ светот, кои служат како продолжена рака на Генералниот секретаријат. Нивната задача е регионална координација, обука и поддршка на земјите во нивната географска област.

Примери на регионални канцеларии:

- Буенос Аирес (Јужна Америка);
- Абужа (Африка);
- Бангкок (Азија);
- Најроби (Источна Африка).

Регионалните канцеларии им помагаат на земјите за поблиска комуникација и спроведување на координирани операции на ниво на региони.

Конференции и работни групи

Интерпол организира голем број на конференции, форуми и работни групи во различни области, како што се:

- борба против тероризам;
- кибер-криминал;
- трговија со дрога;
- трговија со луѓе;
- економски криминал.

Овие работни групи вклучуваат експерти од повеќе земји и имаат цел да го унапредат знаењето, споделуваат добри практики и развиваат нови стратегии за справување со специфични закани.

Специјализирани бази на податоци и системи

Интерпол управува со бројни бази на податоци, кои им се достапни на полициските служби преку I-24/7, безбедната комуникациска платформа. Некои од базите на податоци се:

- податоци за изгубени/украдени документи;
- биометриски податоци (отпечатоци, ДНК);
- информации за украдени возила;
- интернационални потерници (Red Notices).[5]

2. Улогата на Интерпол во меѓународната потрага по лица

Една од најважните задачи на Интерпол е да им асистира на националните полициски служби на земјите-членки при размена на информации, за што се користи системот за меѓународни потерници и објави познати како ноти на Интерпол. Размената на информации се однесува на:

- лица што се бараат за екстрадиција поради извршено потешко кривично дело;

[5]Martha, R.S.J., Grafton, C., Bailey, S, The Legal Foundations of INTERPOL, Oxford & Portland: Hart Publishing, 2010, pp. 52-70.

- лица што треба да издржуваат повисока затворска казна;
- исчезнати лица;
- неиндентификувани трупови;
- украдени предмети;
- потенцијални закани;
- податоци за модус операнди (modus operandi).

Интерпол овие потерници ги издава на барање на НЦБ и на Хашкиот суд и тоа на сите четири службени јазици на Интерпол: англиски, арапски, француски и шпански. Нотите кои се однесуваат на дистрибуција на МОС податоци можат да бидат издадени и на иницијатива на службите од Генералниот секретаријат на Интерпол. Заради поефикасно остварување на овие активности нотите се означуваат со различна боја, и тоа со: црвена, жолта, зелена, сина, црна и портокалова.

Потрагата по лица се врши со потерница односно нота, означена со црвена боја.

Црвената нота ја сочинуваат следниве елементи:

1) податоци за утврдување на индентитетот на лицето на коешто таа се однесува;
2) податоци за физичкиот изглед на лицето;
3) фотографија и отпечатоци од папиларни линии доколку тие му се достапни на НЦБ што побарало да се издаде потерница;
4) релевантни информации за лицето (професија, кои јазици ги говори, исправи за индентификација и нивните сериски броеви);
5) судски информации за кривичното дело или за санкцијата што треба да ја издржува бараното лице.

По пронаоѓањето, лицата се апсат и се екстрадираат.

Жолтата нота се користи за пронаоѓање исчезнати лица (посебно малолетници), како и за да асистира при идентификација на лица кои не се способни сами да се индентификуваат.

Сината нота се користи за обезбедување на дополнителни информации за идентитет на лице или криминален настан.

Црната нота се користи за утврдување идентитет на непознати трупови.

Зелената нота се користи за предупредување и за давање на криминалистичко релевантни податоци за лице кое извршило кривични дела, а се претпоставува дека може да ги повтори на територијата на други држави.

Портокалова нота се користи за предупредување на полицијата и на останатите државни органи или меѓународни организации за можна закана кон нив со скриено оружје, поштенски бомби и други средства.

Виолетова нота се користи за обезбедување информации за модус операнди, процедури, објекти, уреди или засолништа користени од страна на криминални групи.

Специјалната нота за потрага по сторители на терористички акти ја издава Интерпол на иницијатива на Советот за безбедност на Обединетите нации. Трите најчести санкции се замрзнување на средства, забрана за патување и ембарго за оружје.

Сребрената нота, која моментално е во пилот-фаза, е нова алатка во рамките на Интерпол, дизајнирана да им помогне на земјите-членки да ги пронајдат и вратат средствата поврзани со криминални активности. Оваа иницијатива, започната на почетокот на 2025 година, е дел од пилот-програма во која учествуваат 52 земји до ноември 2025 година. Сребрената нота им овозможува на земјите-членки да бараат и споделуваат информации за средства, вклучувајќи имот, возила, финансиски сметки и бизниси, поврзани со криминални активности.

Со цел да се забрза потрагата, а земајќи во предвид дека издавањето на црвена потерница наметнува подолг временски период од 1990 година (кога за првпат е воведен електронскиот комуникациски систем x 400), потерницата по лице кое се бара заради екстрадиција НЦБ може да ја распишат по таканаречена „дифузија", односно со електронска пишана порака која може да биде испратена до сите земји-членки или до одредена област. Ваквата потерница ја сочинуваат сите погоре наведени елементи, како и црвената нота, со исклучок на фотографија и папиларни линии. НЦБ кое распишало ваква „дифузија" може од Генералниот секретаријат директно да побара да се издаде црвена нота со приложување на фотографија и папиларни линии. Првата црвена нота е издадена во 1946 година, а првата нота за исчезнато дете е издадена само три години подоцна, односно во 1949 година.

Табела бр. 1. Издадени потерници на Интерпол во периодот 2014-2024 година

TOTAL NUMBER PUBLISHED NOTICES

	INTERPOL RED NOTICE	INTERPOL YELLOW NOTICE	INTERPOL BLUE NOTICE	INTERPOL BLACK NOTICE	INTERPOL GREEN NOTICE	INTERPOL ORANGE NOTICE	INTERPOL PURPLE NOTICE	INTERPOL - UNITED NATIONS SECURITY COUNCIL SPECIAL NOTICE
2014	10,195	2,605	2,167	152	1,180	45	94	80
2015	10,904	2,383	3,783	121	1,193	37	153	58
2016	11,728	2,492	4,060	121	901	56	115	37
2017	12,042	2,508	4,422	130	777	41	188	19
2018	13,516	2,397	4,139	134	827	51	105	28
2019	13,410	3,193	3,375	256	761	58	107	15
2020	11,094	2,554	3,966	391	509	40	135	9
2021	10,776	2,622	3,604	118	1,072	46	110	13
2022	11,282	2,916	4,073	167	607	43	101	6
2023	12,260	2,687	3,546	282	473	38	72	10
2024	15,548	3,345	4,078	211	561	43	68	23

Извор: "About Notices", *Interpol*, https://www.interpol.int/en/How-we-work/Notices/About-Notices, date accessed: November 9, 2025.

На табела бр. 1 може да се забележи дека според статистиката на Интерпол, компаративно за период од една деценија, односно во периодот 2014-2024 година најмногу објавени се црвените потерници, па сината и жолтата потерница. Во 2024 година Интерпол има објавено најмногу црвени потерници, односно 15.548 црвени и 3.345 жолти потерници. Статистички гледано во периодот 2014-2024 година во просек на годишно ниво биле објавени: 12.069 црвени потерници, 2.700 жолти потерници, 3.747 сини потерници, 189 црни потерници, 806 зелени потерници, 45 портокалови потерници, 113 виолетови потерници и 27 специјални потерници.

Табела бр. 2. Вкупен број на валидни потерници на Интерпол до крај на 2024 година



Извор: “About Notices”, *Interpol*, https://www.interpol.int/en/How-we-work/Notices/About-Notices, date accessed: November 9, 2025.

На табела бр. 2 е прикажан вкупниот број на валидни потерници на Интерпол заклучно со декември 2024 година кој изнесува: 77.689 црвени потерници, 17.408 жолти потерници, 19.449 сини потерници, 2.351 црни потерници, 12.749 зелени потерници, 41 портокалова потерница, 692 виолетови потерници и 632 специјални потерници.

2.1. Статус на црвената нота

Покрај тоа што црвената нота дава добри резултати во случаите поврзани со лишување од слобода на лица коишто на некој начин успеале да го избегнат кривичниот прогон од сопствената

држава, таа нема статус на меѓународна потерница поради фактот што не постои унифицирано меѓународно кривично право. Легалниот статус на црвената нота се разликува во зависност од националното кривично законодавство на земјата-членка.

Во однос на црвената потерница, практичното искуство покажало два пристапи:

- *Според првиот пристап*, црвената нота се третира како налог за провизорно апсење на лицето. Имено, голем број земји, а воедно и случајот со Република Македонија, доколку на својата територија фатат лице по кое е издадена црвена нота, истото го апсат, му одредуваат притвор во времетраење од 40 дена и ја известуваат државата нарачател на нотата дека во тој рок го очекуваат формално-правниот акт, односно потребната документација за екстрадиција на лицето. Доколку во рок од 40 дена формалното барање за екстрадиција не пристигне, лицето лишено од слобода се ослободува.
- *Според вториот пристап*, црвената нота значи само барање за затекнатото лице да биде детектирано, односно лоцирано и притоа се известува земјата што го бара и од неа се очекува да го достави формалното барање за екстрадиција. Ваков пристап кон црвената нота има Швајцарија.

Од погоре образложеното е сосема јасно дека првиот пристап е поефикасен. Вториот пристап на лицето на некој начин му обезбедува навреме да дознае дека против него е покрената ваква постапка и да побегне од земјата каде што е дознаено дека престојува.

Со воспоставувањето на Интернетот како глобално средство за комуникација, по претходна согласност на одделните НЦБ, на официјалната интернет-страница на Интерпол се објавуваат дата базите за потрага по лица (црвените ноти), базите на издадени жолти ноти по исчезнати лица и деца, како и објавите за украдени предмети од уметничка и историска вредност.

2.2. Обврска на Интерпол да издаде црвена нота

Со одлука донесена од Генералното собрание, Генералниот секретаријат е ограничен во издавањето црвена нота во случај кога земјата-членка што побарала издавање на ваква нота не ги доставила неопходните податоци. Во ваков случај, Генералниот секретаријат ќе побара од земјата-членка да ги обезбеди бараните податоци. Во пракса вакви конкретни случаи се доста ретки поради тоа што за пополнување на барањето за издавање црвена нота се користат посебни обрасци изготвени од Генералниот секретаријат. Генералниот секретаријат има право да го одбие барањето за издавање црвена нота доколку тоа е спротивно на членот 3 од Статутот на Интерпол (според кој се забранува каква било активност поврзана со случаи кои имаат политички, воен, верски или расен карактер). Доколку се земе предвид фактот дека нотите што ги издава Генералниот секретаријат најчесто се однесуваат на терористи или други насилни криминалци, се покажало дека е потребно скратување на времето за издавање на потерниците, па за таа цел Генералниот секретаријат развива стратегија за скратување на ова време, што е овозможено со воведувањето на новиот телекомуникациски систем: 1-

24/7 (кој овозможува и електронска трансмисија на фотографии и папиларни линии). Со ова, комплетната нота по електронски пат може да биде дистрибуирана до сите земји-членки.

Заклучок

Интерпол претставува фундаментален столб на современата меѓународна безбедносна архитектура, со клучна улога во координацијата и размената на информации меѓу државите во насока на лоцирање, идентификување и апсење на лица поврзани со тешки форми на криминал. Анализата покажа дека системот на потерници, со особен акцент на црвената нота, останува најзначајниот инструмент на организацијата во процесот на меѓународна потрага по лица. Неговата ефикасност е условена од функционалноста на националните централни бироа, степенот на меѓународна правна усогласеност и примена на принципот на политичка неутралност.

Истовремено, трудот ги истакнува и сложените предизвици со кои се соочува организацијата во современиот контекст, особено ризиците од политичка злоупотреба на системот, заканите поврзани со кибер-криминалот, транснационалните криминални мрежи и динамиката на новите технологии. Потребата од зајакнување на механизмите за надзор, транспарентност, етичност и почитување на меѓународните стандарди за човекови права е од суштинско значење за зачувување на кредибилитетот и правната сигурност на Интерпол.

Во иднина, ефикасноста на Интерпол ќе зависи од неговата способност да се адаптира на глобалните безбедносни трансформации, да ги унапреди технолошките алатки за размена и анализа на информации и да ја прошири соработката со меѓународни и регионални институции. Токму преку континуирано усовршување и меѓународна солидарност, Интерпол ќе остане незаменлив механизам за превенција и борба против прекуграничниот криминал и заштита на глобалната безбедност.

Conclusion

Interpol represents a pivotal pillar in the contemporary global security framework, serving as an essential mechanism for international police cooperation, information exchange, and the identification, localization, and apprehension of individuals associated with serious criminal offenses. The analysis confirms that the notice system—particularly the Red Notice—remains the most effective operational tool in cross-border searches for persons. Its efficiency, however, depends on the functionality of National Central Bureaus, the degree of legal harmonization among member states, and the consistent application of the principle of political neutrality.

Moreover, this research highlights the complex challenges INTERPOL faces in the modern security environment, including risks of political misuse, the evolution of cyber-crime, the expansion of transnational criminal networks, and the rapid development of advanced technologies. Strengthening oversight mechanisms, ensuring transparency and ethical standards, and safeguarding international human rights norms are essential to preserving the organization’s legitimacy and legal reliability.

Looking ahead, INTERPOL's effectiveness will depend on its capacity to adapt to evolving global security dynamics, enhance technological capabilities for data exchange and intelligence analysis, and expand cooperation with regional and international actors. Through continued institutional development and reinforced multilateral solidarity, INTERPOL will remain an irreplaceable instrument in preventing and combating transnational crime and in safeguarding global security.

Користена литература

1. Ангелевски, М. (2007), *Вовед во криминалистика*;
2. "About Notices", *Interpol*, https://www.interpol.int/en/How-we-work/Notices/About-Notices;
3. Богданоски, М. (2021), *Вовед во криминалистика*, Охрид: Коста Абраш;
4. Bowling, B., & Sheptycki, J. (2018), *Global Policing and Transnational Crime, Routledge*;
5. Deflem, M. (2010), *Policing of Terrorism*, Springer;
6. "Databases", *Interpol*, https://www.interpol.int/en/How-we-work/Databases;
7. Игнатов, В. (2017), *Полициска соработка во кривичните предмети помеѓу Македонија и ЕУ*, магистерски труд, Штип: Универзитет „Гоце Делчев", https://eprints.ugd.edu.mk/18106/2/Ignjatov.pdf;
8. „Интерпол", *Министерство за внатрешни работи*, https://mvr.gov.mk/mk-MK/ministerstvo/interpol;
9. „Интерпол", *Министерство за внатрешни работи*, https://mvr.gov.mk/mk-MK/ministerstvo/interpol;
10. Кошевалиска, О., Максимова, Е. (2020), *Меѓународно казнено право*, Штип: Универзитет „Гоце Делчев";
11. Martha, R.S.J., Grafton, C., Bailey, S. (2010), *The Legal Foundations of INTERPOL*, 2nd ed., Oxford & Portland, Hart Publishing;
12. Nadelmann, E. (1993), *Cops Across Borders: The Internationalization of U.S.Criminal Law Enforcement*, Oxford University Press;
13. "National Central Bureaus (NCBs)", *Interpol*, https://www.interpol.int/Who-we-are/Member-countries/National-Central-Bureaus-NCBs;
14. Цуклески, Г. (2009), *Вовед во криминалистика*, Скопје: Соларис принт.

ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА (AI) И РАЗУЗНАВАЊЕ ОД ОТВОРЕНИ ИЗВОРИ (OSINT) ВО ОТКРИВАЊЕ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

UDC: 343.431:355.40]:004.8 *Прегледен труд*

Анѓела Цветковска

Магистер на науки, Европски Универзитет – Скопје

Апстракт

Вештачката интелигенција (AI) како научна област претставува системско проучување на различни алгоритми и технологии кои можат да обработат и анализираат информации, со цел да се овозможи откривање и спречување на сложени феномени, како што се трговијата со луѓе, која претставува глобален безбедносен предизвик, кој бара иновативни методи за откривање и превенција. Вештачката интелигенција (AI) и разузнавањето од отворени извори (OSINT) се современи инструменти, кои нудат нови перспективи во идентификацијата на случаи на трговија со луѓе. Во рамките на овој труд, ќе се изврши теориска анализа на значењето и примената на овие технологии, без спроведување на емпирско истражување, со посебен осврт на нивната способност да детектираат различни ситуации и потенцијални жртви, преку системско проучување на достапни извори на податоци како што се онлајн огласи, социјални мрежи и јавни извештаи. Резултатите од овој труд ќе придонесат кон подобро разбирање на потенцијалот на дигиталните технологии во откривањето на трговија со луѓе како и кон развој на концептуални модели за интеграција на вештачката интелигенција и разузнавањето од отворени извори, во рамките на безбедносните науки. Ова истражување нуди теориска основа за понатамошни емпириски студии и имплементација на технологии за рана детекција и анализа на ризици, и ќе претставува едно од поновите истражувања во оваа област на нашата територија. Заклучоците потенцираат дека дигиталната револуција во безбедносните науки нуди нови перспективи за ефикасно и системско справување со транснационалниот криминал и заштита на жртвите.

Клучни зборови: *вештачка интелегенција, разузнавање од отворени извори, трговија со луѓе, безбедносни науки, теориско истражување*.

ARTIFICIAL INTELLIGENCE (AI) AND OPEN SOURCE INTELLIGENCE (OSINT) IN DETECTING HUMAN TRAFFICKING

Abstract

Artificial Intelligence (AI) as a scientific field represents the systematic study of various algorithms and technologies capable of processing and analyzing information, aiming to enable the detection and prevention of

complex phenomena, such as human trafficking, which constitutes a global security challenge requiring innovative methods for detection and prevention. Artificial intelligence (AI) and Open-Source Intelligence (OSINT) are modern tools that offer new perspectives in the identification of human trafficking cases. Within this paper, a theoretical analysis of the significance and application of these technologies will be conducted, without performing empirical research, with particular attention to their ability to detect various situations and potential victims through a systematic study of available data sources such as online advertisements, social media, and public reports. The results of this study will contribute to a better understanding of potential of digital technologies in detecting human trafficking, as well as the framework of security sciences. This research provides a theoretical foundation for further empirical studies and the implementation of technologies for early detection and risk analysis, and represents one of the more recent studies in this field within our territory. The conclusions emphasize that the digital revolution in security sciences offers new perspectives for effective and systematic management of transnational crime and protection of victims.

Keywords: *artificial intelligence, open source intelligence, human trafficking, security sciences, theoretical research.*

Вовед

Вештачката интелигенција (AI) е нова современа научна област која се занимава со истражување, проучување и развој на нови технологии кои служат за подобрување и надградба на човечките способности во дигиталниот свет. Исто така, таа има голем придонес во борбата против општествените негативни појави, како што е трговијата со луѓе, која со развојот на Интернетот почна да се одвива на посовремен начин. Меѓутоа, и покрај тоа што Интернетот овозможува истата да се одвива на посовремен начин, нуди и нови софистицирани начини за борба и откривање на трговијата со луѓе, како што е и разузнавањето од отворени извори (OSINT) и тоа преку собирање и анализа на податоци достапни на Интернет, со цел создавање на оперативно разузнавање.

Трговијата со луѓе претставува сериозно кршење на човековите права и слободи. Поради потребата од целосно отстранување на овој проблем светот развива нови начини и методи за нејзино сузбивање, а дел од можностите ги пронаоѓа во современите алатки коишто ги нуди вештачката интелигенција, кои го трансформираат пристапот кон безбедносните истражувања. Исто така, главен предизвик во борбата против трговијата со луѓе се и OSINT, кое овозможува следење на дигитални рути, мрежи и активности на трговците, и на тој начин го подобрува откривањето и ја спречува експлоатацијата.

1. Поим за вештачка интелигенција

Пред да објасниме што е „вештачка интелигенција“ подобро е прво да го разјасниме концептот на „интелигенција“ Според теоријата за повеќекратни интелигенции, човечката интелигенција може да се категоризира во седум типа:

- **Логичко-математичка интелигенција** – способност за точно пресметување, анализа, класификација и решавање на сложени математички проблеми;
- **Просторна интелигенција** – способност да го препознава визуелниот простор и да се прикажува она што се перцепира преку слики и графики;
- **Телесно-кинестетичка интелигенција** – способност да се изразуваат мисли и емоции преку телото и да се користат рацете и алатките за создавање или манипулација на објекти;
- **Музичка интелигенција** – способност да се разликуваат висина на тон, мелодија, ритам и тембрални нијанси и да се создава и интерпретира музика;
- **Интерперсонална интелигенција** – способност ефикасно да се разбира и соработува со другите, препознавајќи нивни емоции и расположенија;
- **Интерперсонална интелигенција** – способност за самопознание, разбирање на своите мисли, емоции, предноси и слабост, и дејствување врз основа на тоа знаење; и
- **Натуралистичка интелигенција** – способност да се набљудува природата, да се идентификуваат и класифицираат природни и вештачки објекти и системи.

Овие типови човечка интелигенција го објаснуваат и потенцијалот на вештачката интелигенција. Вештачката интелигенција е нов вид на технолошка наука која истражува и развива теории, методи, технологии и апликативни системи за симулирање, подобрување и надградба на човечката интелигенција. Вештачката интелигенција е создадена да им овозможи на машините да размислуваат како луѓе и да ги обдари со интелигенција.[1]

Вештачката интелигенција е област што ја проучува синтезата и анализата на компјутерски агенти кои дејствуваат интелигентно.[2] Појавата и подемот на вештачката интелигенција несомнено одигра важна улога за време на развојот на Интернетот. Во текот на изминатата деценија, со широките промени во општеството, вештачката интелигенција стана порелативна за секојдневниот живот на луѓето.[3]

Покрај секојдневната примена, вештачката интелигенција се покажа како важен инструмент за подобрување на безбедноста, особено во откривањето и спречувањето на трговијата со луѓе, каде што разузнавањето од отворени извори (OSINT) овозможува собирање и анализа на јавни податоци за идентификација на сомнителни активности.

2. Што претставува разузнавање од отворени извори (OSINT)?

Разузнавањето од отворени извори (OSINT) претставува собирање и анализа на податоци добиени од отворени извори (јавно достапни информации и видливи извори) со цел создавање оперативно разузнавање. OSINT првенствено се користи во функциите за национална безбедност,

[1] Huawei Technologies CO., Ltd.: *Artificial Intelligence Technology.* Beijing, China: Posts & Telecom Press. 2023, стр. 3. Достапно на: https://doi.org/10.1007/978-981-19-2879-6.
[2] Poole D.L., Mackworth, A.K: *Artificial Intelligence: Foundations of Computational Agents,* Third Edition. Cambridge: Cambridge University Press. 2023, стр. 3.
[3] Преземено од: *Ibid*., стр. 1.

спроведување на законот и деловно разузнавање при одговарање на класифицирани, некласифицирани или сопственички барања за разузнавање во претходните разузнавачки дисциплини.[4]

Една од областите каде што оваа методологија наоѓа особена примена е борбата против трговијата со луѓе. Всушност, OSINT е особено користен за идентификација и спречување на трговија со луѓе преку анализа на јавно достапни информации. Овој пристап овозможува следење на онлајн огласи, социјални мрежи и дигитални рути, преку кои се откриваат сомнителни активности поврзани со трговија со луѓе.

3. Трговија со луѓе-поим и дефиниција

Динамиката на мигрирање на населението помина низ неколку фундаментални трансформации во 21 век, додавајќи нови, повеќестрани димензии, проблеми и предизвици.[5] Секоја година, милиони мажи, жени и деца ширум светот се продадени и држени во услови на ропство.[6] Оваа појава се нарекува трговија со луѓе.

Трговијата со луѓе првенствено претставува сериозно кршење на основните човекови права и слободи, особено правото да не се биде во ропски однос или ропска потчинетост, право на слобода и безбедност на личноста, забраната на суровиот и нехуман третман и слобода на движење.[7] Самиот поим трговија со луѓе е дефиниран во Протоколот на Организацијата на обединетите нации за „спречување, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца“. Во член 3 од овој протокол се наведува дека „Трговијата со луѓе е врбување, транспорт, префрлање, засолнување или прием на лица, со помош на закана или употреба на сила или други форми на принуда, грабнување, измама, лага, злоупотреба на моќ или на положба на ранливост или преку давање и примање пари или корист за да се добие согласност на лице кое има контрола врз друго лице заради експлоатација.“[8]

Вака објаснета трговијата со луѓе како комплексна безбедносна појава има потреба од постојана борба за справување со истата. Меѓутоа со развојот на технологијата почнаа да се применуваат и современи методи како што се вештачката интелигенција (AI) и разузнавањето од отворени извори (OSINT), кои овозможуваат брзо идентификување на оваа негативна појава.

4. Вештачката интелигенција (AI) и разузнавање од отворени извори (OSINT) во откривање на трговија со луѓе

Вештачката интелигенција (AI) и разузнавањето од отворени извори (OSINT) претставуваат современи алатки кои го трансформираат пристапот кон безбедносните истражувања. Во контекст на

[4] Schwartz, Leo (March 7, 2022). „Amateur open source researchers went viral unpacking the war in Ukraine”. *Rest of World*. Retrieved 8 March 2022. Достапно на: https://en.wikipedia.org/wiki/Open-source_intelligence.

[5] Бикс, К., Амир, Д.: *Глобалната секс-индустрија и продажбата на луѓе*. Преведено во Македонија, уредници: Карен Бикс и Дијана Амир, Датапонс, 2009. стр.3. Првпат издадено во Соединетите држави: Lexington Books, Inc., Lanham, Maryland, U.S.A. 2006.

[6] Нацев А.: *Организиран криминал и тероризам: Авторизирани предавања.* Скопје. 2021. стр. 42.

[7] Посебно види во: Paul Sieghart. *The International Law on Human Rights, The Rights and Freedoms Guaranteed*, str. 123-226. Преземено од: *Данилов В.: Трговија со луѓе: Криминален бизнис со робовладетилски лик: Случај Македонија*. Скопје, Меѓународна организација за Миграции Мисија во Скопје, Република Македонија, 2001. стр.1

[8] Лабовиќ М., Николовски М.*: Организиран криминал и корупција: нови теориски димензии, практични консеквенции и методика на истражување.* Скопје, Факултет за безбедност. 2010. стр. 422.

трговија со луѓе, овие технологии овозможуваат системско собирање, анализа и интерпретација на големи количини на јавно достапни податоци, вклучувајќи не само онлајн огласи, социјални мрежи и следење на сомнителни активности, туку и овозможува првенствено дејствување, подобрување на безбедносната стратегија и поддршка на институционалните и меѓународни напори за борба против трговија со луѓе.

Системите за вештачка интелигенција што се користат во борбата против трговијата со луѓе се потпираат на реални, но ограничени збирови на податоци, кои често се добиваат од случаи идентификувани од експерти. Ова го истакнува ризикот од пристрасност, бидејќи овие збирови на податоци не го одразуваат целиот спектар на случаи на трговија со луѓе, особено помалку видливи форми како што се принудна работа или експлоатација во неформалните сектори.[9] На пример, маргинализираните популации често се презастапени во судските системи, што доведува до непропорционален надзор на овие заедници. Студијата од Универзитетот во Бат ја истакнува улогата на вештачката интелигенција во борбата против трговијата со луѓе, но истовремено предупредува на потенцијалните ризици од системските пристрасности. Таа покажува дека маргализираните популации можат непропорционално да бидат подложни на надзор, а ако AI не е правилно регулирана, може да ги зајакне постојаните пристрасности и да го поткопа ефективното откривање на жртви. Студијата ја потенцира потребата од внимателна и етичка примена на AI технологии, со цел заштита на преживеаните и поддршка на напорите против трговијата со луѓе. (Tao Do, 2023).

Исто така, главен предизвик во борбата против глобалната трговија со луѓе е достапноста на практични разузнавачки информации за настаните и операциите поврзани со трговијата со луѓе, а OSINT овозможува следење на дигитални рути, мрежи и активности на трговците, што го подобрува откривањето и спречувањето на експлоатацијата. Користејќи разузнавачки информации од отворен вид била откриена операција на трговија со луѓе која вклучува над 350.000 огласи за продажба. Оваа операција се однесува на дигитални бази на податоци како Domain-specific Insight Graphs (DIG), развиени од Универзитетот во Јужна Калифорнија, кои автоматски собираат и анализираат огласи за продажба од интернет. DIG користи отворен код за да изврши екстракција и индексирање на големи количини податоци, што овозможува пребарување по параметри како телефонски број, локација, псевдоним и слика. Оваа алатка е дизајнирана да им помогне на органите на прогонот за спроведување на законот во идентификување на жртви и извршители вклучени во трговија со луѓе. DIG веќе има база на податоци од 50 милиони веб-странции и извлекла два милијарди записи, и продолжува да собира дополнителнни 5.000 страници секој час. Оваа технологија е развиена со финансиска поддршка од DARPA[10] и има потенцијал за примена во други области како што се трговија со оружје и дрога. DIG е достапен бесплатно за органите за спроведување на законот преку интерфејсот Karma, кој е дел од ISI.[11]

[9] Boutier, L., Maganaris E.: *Artificial Intelligence om Anti-Trafficking Efforts: Can Human Rights and Technological Progress Be Reconciled?* UN Human Rights Office, 2025. стр. 3. Достапно на: https://researchonline.gcu.ac.uk/ws/portalfiles/portal/97691337/97550824.pdf.

[10] *DARPA-Defense Advanced Research Project Agency*, американска агенција за развој на напредни технологии за национална безбедност.

[11] ISI-информациски систем за разузнавање кој овозможува пристап до дигитални податоци за органи за спроведување на законот преку интерфејсот Karma.

Оваа иницијатива е дел од пошироките напори за користење на технологијата во борбата против трговијата со луѓе.

Документи на Советот на Европа, „Trafficking in human beings and information in NM“ (2022), истакнува дека OSINT техниките и алатките за собирање информации се користат од страна на органите за спроведување на законот во Северна Македонија за откривање и спречување на трговија со луѓе. Ова вклучува монтирање на Интернет - форуми и, во некои случаи, TOR мрежи (Dark Web). Меѓутоа, нема јавни податоци или документи дека се применува вештачката интелигенција во откривањето и справувањето во трговија со луѓе.

Заклучок

Појавата и подемот на вештачката интелигенција (AI) несомнено одигра важна улога за време на развојот на Интернетот. Исто така, со развојот на Интернетот се развија и нови можности за откривање и борба против трговијата со луѓе како што е разузнавањето од отворени извори (OSINT) кое е особено користено за идентификација и спречување на трговија со луѓе преку анализа на јавно достапни информации. Таа остана глобален предизвик кој бара континуирана борба и примена на современи методи за откривање и спречување, поттикнувајќи ги експертите од технолошките области да изнаоѓаат нови методи за справување со истата.

Conclusion

The emergence and rise of artificial intelligence (AI) have undoubtedly played an important role during the development of the Internet. Also, with the development of the Internet, new opportunities for detecting and combating human trafficking have developed, such as open source intelligence (OSINT), which is particularly used to identify and prevent human trafficking through the analysis of publicly available information. It remains a global challenge that requires continuous struggle and the application of modern methods for detection and prevention, encouraging experts from technological fields to find new methods to deal with it.

Користена литература

1. Poole D.L., Mackworth, A.K: *Artificial Intelligence: Foundations of Computational Agents,* Third Edition. Cambridge: Cambridge University Press. 2023;
2. Бикс, К., Амир, Д.: *Глобалната секс-индустрија и продажбата на луѓе*. Преведено во Македонија, уредници: Карен Бикс и Дијана Амир, Датапонс, 2009. Првпат издадено во Соединетите држави: Lexington Books, Inc., Lanham, Maryland, U.S.A. 2006;
3. Данилов В.: *Трговија со луѓе: Криминален бизнис со робовладетилски лик: Случај Македонија*. Скопје, Меѓународна организација за Миграции Мисија во Скопје, Република Македонија, 2001;
4. Лабовиќ М., Николовски М.: *Организиран криминал и корупција: нови теориски димензии, практични консеквенции и методика на истражување.* Скопје, Факултет за безбедност. 2010;
5. Нацев А.: *Организиран криминал и тероризам: Авторизирани предавања.* Скопје. 2021.

Интернет страници

1. Huawei Technologies CO., Ltd.: *Artificial Intelligence Technology*. Beijing, China: Posts & Telecom Press. 2023, стр. 3. Достапно на: https://doi.org/10.1007/978-981-19-2879-6;
2. Boutier, L., Maganaris E.: *Artificial Intelligence om Anti-Trafficking Efforts: Can Human Rights and Technological Progress Be Reconciled?* UN Human Rights Office, 2025. стр. 3. Достапно на: https://researchonline.gcu.ac.uk/ws/portalfiles/portal/97691337/97550824.pdf;
3. Schwartz, Leo (March 7, 2022). “Amateur open source researchers went viral unpacking the war in Ukraine”. *Rest of World*. Retrieved 8 March 2022. Достапно на: https://en.wikipedia.org/wiki/Open-source_intelligence.

ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ВОЗНИОТ РЕД И ПЛАЌАЊЕТО БИЛЕТИ ПРЕКУ МОБИЛНА АПЛИКАЦИЈА ДИЗАЈНИРАНА ВО ФИГМА

UDC: 656.1.072:[004.777:004.382.754 *Прегледен труд*

М-р Викторија Андонова

Систем администратор, Европски Универзитет – Скопје

Апстракт

Дизајнот и развојот на мобилна апликација за возен ред со интегрирана опција за онлајн плаќање на билети претставува значаен чекор кон модернизација на јавниот превоз и подобрување на корисничкото искуство. Овој труд презентира детален процес на дизајнирање во Фигма (Figma), со фокус на креирање интуитивен и ефикасен кориснички интерфејс (UI) и корисничко искуство (UX) за прикажување на возните редови и овозможување беспрекорно плаќање на билети преку апликацијата. Прототипот на апликацијата содржи клучни функционалности како избор на линии, визуелизација на возен ред, интеграција на систем за плаќање и кориснички интеракции. Истражувањето ги оценува дизајнерските одлуки, аспектите на употребливост и техничката изводливост, со предлози за подобрување на пристапноста и задоволството на корисниците. Исто така, се разгледуваат можни надградби како ажурирања во реално време и компатибилност со повеќе платформи. Целта е да се обезбеди функционално и лесно за користење дигитално решение кое ги поедноставува користењето на јавниот превоз и овозможува безготовински трансакции, со што, се придонесува кон дигиталната трансформација на транспортниот сектор.

Клучни зборови: *мобилна апликација, јавен превоз, возен ред, онлајн плаќање, кориснички интерфејс (UI), корисничко искуство (UX), Figma, дигитално купување билети*.

DIGITIZATION OF TRAIN SCHEDULES AND TICKET PAYMENT THROUGH A MOBILE APPLICATION DESIGNED IN FIGMA

Abstract

The design and development of a mobile application for a public transportation schedule with an integrated online ticket payment option represents a significant step toward the modernization of public transport and the enhancement of user experience. This paper presents a detailed design process carried out in Figma, focusing on creating an intuitive and efficient user interface (UI) and user experience (UX) for displaying schedules and enabling seamless ticket payments through the application. The prototype includes key functionalities such as route selection, schedule visualization, payment system integration, and user

interaction flows. The research evaluates design decisions, usability aspects, and technical feasibility, offering suggestions for improving accessibility and user satisfaction. Additionally, potential upgrades such as real-time updates and cross-platform compatibility are explored. The goal is to provide a functional and user-friendly digital solution that simplifies the use of public transportation and supports cashless transactions, contributing to the digital transformation of the transportation sector.

Keywords: *mobile application, public transport, schedule, online payment, user interface (UI), user experience (UX), Figma, digital ticketing*.

Вовед

Во денешно време, дигитализацијата и модернизацијата на јавниот превоз стануваат сè позначајни за подобрување на квалитетот на услугите и задоволството на корисниците. Традиционалните возни редови и купувањето билети од билетарници честопати се непрактични и одземаат време, што создава потреба за дигитални решенија, кои ќе овозможат побрз и полесен пристап до информации и услуги. Мобилните апликации кои нудат увид во возниот ред и опции за онлајн плаќање се ефикасен начин да се задоволат овие потреби, особено во урбаните средини каде јавниот транспорт е главен начин на превоз.

Овој труд се фокусира на дизајн и развој на мобилна апликација креирана во Фигма (Figma), која им овозможува на корисниците да ги разгледаат возните редови, да пребаруваат линии и да купат билети преку Интернет. Главната цел е да се создаде интуитивен и лесен за користење интерфејс, кој ќе овозможи брз пристап до информации и безбедна онлајн трансакција. Во трудот ќе бидат опишани процесот на дизајнирање, изборот на визуелни елементи, корисничките интеракции и потенцијалните можности за надградба на апликацијата.

Со овој проект се придонесува кон дигиталната трансформација на транспортниот сектор и се подобрува искуството на корисниците при користење на јавниот превоз.

Цели

- Да се воведе дигитален распоред на железнички линии;
- Да се овозможи купување билети преку Интернет;
- Да се прикажува времето на пристигнување со систем за известување.

Функционалности на апликацијата

- **Преглед на возен ред:** динамичен календар со информации за линии, време и рута;
- **Купување билети:** вграден систем за безготовинско плаќање со сигурносни протоколи;
- **Известувања:** време на пристигнување и доцнење, преку пуш известувања;
- **Профил на корисник:** пристап до историја на купувања и опции за зачувување омилени линии.

Стандарди за изглед и визуелен дизајн

Во рамките на дизајнот на мобилната апликација е дефиниран конзистентен стилски систем кој ги опфаќа боите и типографијата, со цел да се постигне визуелна хармонија, јасна навигација и позитивно корисничко искуство како што е прикажано на следната слика 1.


Слика 1. Визуелна палета и типографија на апликацијата




Структура и изглед на корисничкиот интерфејс дизајниран во ФИГМА (FIGMA)

Главното мени се наоѓа во долниот дел од екранот и ги вклучува следниве секции: преглед, линии, купи билет, профил и известувања. Секој екран има јасна функција и минимален број чекори за извршување на акција. Навигацијата е едноставна и достапна и за технолошки помалку искусни корисници. На слика 2 е прикажан почетен екран за најава на корисник во мобилната апликација, каде што се овозможува избор на јазик на интерфејсот – македонски или англиски. Ова е важен дел од корисничкото искуство (UX), бидејќи поставува основа за персонализирана и разбирлива интеракција со апликацијата. Преку едноставен и визуелно чист дизајн, корисникот се насочува кон прилагодување на апликацијата според својот јазичен избор, пред да пристапи кон останатите функции како регистрација, преглед на возови или купување билети.

Слика 2. Најава на апликацијата




Слика 3. Регистрација на корисник



На слика 3 е прикажано кориснички интерфејс за мобилна апликација кој го прикажува процесот на регистрација. Првиот екран бара креирање на лозинка со најмалку 8 знаци, вториот екран е формулар каде корисникот внесува лични податоци (име, телефон, ЕМБГ, електронска пошта и лозинка), а третиот екран е за верификација на електронска адреса преку четвороцифрен код. Целта е безбеден и структуриран пристап за креирање корисничка сметка.


Слика 4. Старт на програма и кориснички интерфејс за управување со билети и следење на возови во мобилна апликација



На слика 4 прикажани се екрани за добредојде, главно мени со функции како билети, распоред и мапа, како и детали за електронски билет со баркод, информации за патувањето и следење на локацијата на возот во живо.

Слика 5 прикажува кориснички интерфејс од мобилна апликација за купување, чување и скенирање на билети за воз. Апликацијата овозможува избор на релација, време на поаѓање, купување билет, прикажување баркод за влез, како и скенирање на легитимација за попуст. Корисникот може да добие информации за достапни термини и цени според денот и типот на билет.


Слика 5. Мобилна апликација за купување и скенирање на билети



На слика 6 прикажани се различни екрани од мобилна апликација за железнички превоз, фокусирани на навигација, пресметка на цена и информирање на корисникот. Корисникот може да внесе почетна и крајна дестинација, класа и тип на воз за да ја пресмета цената на билетот, при што се прикажува и конечната сума со вклучен ДДВ. Исто така, е прикажан екран со известувања каде се евидентираат скенирањата и купените билети. Во апликацијата е вградена и функционалност за пребарување железнички станици, како и странично мени кое овозможува пристап до профилот, поставките, поддршка и информации за апликацијата. Сето ова овозможува едноставно и ефикасно корисничко искуство при патување со воз.


Ова е важно бидејќи интегрирањето на повеќе функционалности на едно место – како што се пресметка на цена, информации за билети, пребарување железнички станици и пристап до корисничкиот профил овозможува целосно дигитализирано и централизирано корисничко искуство. Корисникот не мора да користи различни апликации или физички шалтери, туку може брзо и ефикасно да ги добие сите потребни информации и услуги директно преку мобилниот уред. Ова не само што заштедува време, туку и придонесува за зголемена достапност, поголема транспарентност и удобност при користење на железничкиот превоз.

Слика 6. Навигација, информации и пресметка на цена во мобилна апликација



Визуелен приказ на апликацијата од мобилен уред

Слика 7. Визуелен приказ на апликацијата од мобилен уред



Важно е да се види дизајнот на мобилен уред што е дизајниран во Фигма затоа што на тој начин се добива реална претстава како апликацијата ќе изгледа и функционира на вистински уред. Овој визуелен приказ овозможува полесно тестирање на корисничкото искуство (UX), навигацијата,

читливоста и распоредот на елементите. Исто така, им помага на тимовите за дизајн и развој да идентификуваат и коригираат евентуални недостатоци уште во фазата на прототип, пред да се започне со кодирање.

Заклучок

Преку визуелната презентација на мобилната апликација за железнички превоз, дизајнирана во Фигма и прикажана на мобилен уред, се добива целосен увид во функционалноста, структурата и корисничкото искуство на самата апликација. Од иницијалниот екран за избор на јазик и најавување, па сè до пребарувањето рути, купување билети, скенирање и добивање известувања, секој сегмент е внимателно дизајниран за да им овозможи на корисниците едноставна и интуитивна навигација.

Приказот на дизајнот во реален мобилен контекст е особено значаен бидејќи овозможува практична евалуација на изгледот и функционирањето на апликацијата пред да се започне со развој. Со тоа се подобрува процесот на комуникација меѓу дизајнерите, развивачите и другите засегнати страни, а истовремено се минимизираат ризиците од грешки во подоцнежните фази на развој.

Ваквиот пристап не само што овозможува побрза и поефикасна изработка на производот, туку и осигурува дека крајниот резултат ќе биде корисен, модерен и усогласен со реалните потреби на патниците.

Conclusion

Through the visual presentation of the railway transport mobile application, designed in Figma and showcased on a mobile device, a comprehensive insight is provided into the functionality, structure, and user experience of the application. From the initial screen for language selection and login, to route search, ticket purchasing, scanning, and receiving notifications, every segment is carefully designed to ensure a simple and intuitive navigation experience for users. The display of the design in a real mobile context is particularly important, as it enables a practical evaluation of the app’s appearance and functionality before development begins. This approach improves communication between designers, developers, and other stakeholders, while also minimizing the risk of errors in later stages of development. Such a method not only allows for faster and more efficient product creation but also ensures that the final result is useful, modern, and aligned with the real needs of passengers.

Користена литература

1. Nielsen, J. (1994). *Usability Engineering*. Morgan Kaufmann;
2. Cooper, A., Reimann, R., Cronin, D., & Noessel, C. (2014). *About Face: The Essentials of Interaction Design*. Wiley;
3. Norman, D. A. (2013). *The Design of Everyday Things*. Basic Books;
4. Tidwell, J. (2010). *Designing Interfaces: Patterns for Effective Interaction Design*. O'Reilly Media.

ЛИКОВНИ ПРАКСИ, ТЕХНОЛОГИИ И КУЛТУРНИ ИМПЛИКАЦИИ

UDC: 75:004.8 *Стручен труд*

Проф. Јана Манева-Чупоска

Институт за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј"

Апстракт

Овој научен труд со наслов „Ликовни пракси, технологии и културни импликации" ја анализира современата дигитална револуција и нејзиното влијание врз ликовната уметност. Акцентот е ставен на улогата на дигиталните технологии – вештачката интелигенција, виртуелната реалност, дигиталните платформи и NFT (дигитален сертификат за сопственост) – кои го менуваат начинот на создавање, презентација и перцепција на уметничкото дело. Во трудот се истакнува дека дигитализацијата, како процес, отвора нови правци за квалификација на стиловите во историјата на уметноста. Новите генерации и сите уметници што ги користат овие можности се сведоци на појава на генерации кои истовремено отвораат нови културни и уметнички хоризонти. Целта е да се нагласи дека науката и уметноста во дигиталната ера се меѓусебно зависни, и дека токму во нивната синергија се наоѓа иднината на уметничкото творештво.

Клучни зборови: *дигитална уметност, вештачка интелигенција, NFT, визуелна култура, виртуелна реалност, нови медиуми*.

ART PRACTICES, TECHNOLOGIES AND CULTURAL IMPLICATIONS

Abstract

This scientific paper, entitled "Art Practices, Technologies, and Cultural Implications", analyzes the new digital revolution and its impact on visual art. The emphasis is placed on the role of digital technologies – artificial intelligence, virtual and augmented reality, digital platforms, and NFTs – which are transforming the ways of creating, presenting, and perceiving artworks. The paper highlights that digitization, as a process, opens new directions for qualifying styles in the history of art. The new generations, as well as all artists who make use of such opportunities, are witnesses to an emerging wave of creativity that simultaneously opens new cultural horizons. The aim is to demonstrate that science and art in the digital era are mutually dependent, and that precisely in their synergy lies the future of cultural creation.

Keywords: *digital art, artificial intelligence, NFTs, visual culture, virtual reality, new media*.


Вовед

Ликовната уметност во традиционален етимолошки формат ја класифицираме како визуелен јазик и концепт за креирање на ликовни форми и симболи. Ренесансата ја воведе перспективата како нова визуелна логика, Индустриската револуција отвори простор за фотографијата и филмот, денес дигиталната револуција ја менува самата суштина на уметноста како чувствителен показател за општествените и технолошките промени. Основата на научна анализа во овој труд е потрага по одговорот: Што денес претставува “сликарско платно“ во современ и дигитален концепт?! Како дигиталните технологии го менуваат процесот на создавање на едно уметничко дело, неговата перцепција и како денес дигиталните дела се продаваат на пазарот на уметноста? Какви би биле културните имликации во контекст на културното наследство и научните практики!?

Дигитализација и уметност

Ликовната уметност денес во голем дел се создава во „нов простор“ каде што пикселот ја заменува сликарската четка, а дигиталното платно има исто значење како и физичкото. Од друга страна дигиталниот процес, во своите универзални консталации и аспирации се справува со одредени прашања за ограничување и граници што уметноста отсекогаш ги земала како своја тема. Пример: музеите и галериите сè почесто отвораат виртуелни изложби (Google Arts & Culture), што ја демократизира уметноста и ја прави достапна глобално. Овие прашања за граници и граници, се епистемолошки, на знаење и знаење, а сепак имаат и онтолошки карактер, бидејќи дигиталната револуција не е само технолошки процес, туку и културна трансформација. Како што истакнува професорот Лев Мановиќ (Lev Manovich, 2001), кој воедно е основач и директор на Лабораторијата за културна аналитика (претходно наречена Иницијатива за софтверски студии 2007–2016), која беше пионер во употребата на науката за податоци и визуелизација на податоци за анализа на масивни збирки на слики и видеа (културна аналитика).

Слика 1. Рајан Зурер (Ryan Zurrer), Мајк Винкелман (Mike Winkelmann), Рефик Анадол (Refik Anadol), илустрација Жустин Лекуф (Justine Lecouffe)



Оваа арт лабораторија беше ангажирана да создава визуелизации на културни бази на податоци за Гугл (Google), Јавната библиотека на Њујорк и Музејот на модерна уметност (MoMA) во Њујорк. Во неговата книга „Јазикот на новите медиуми" (The language of new media) Мановиќ ќе истакне дека „Многумина теоретичари од областа на новите медиуми имаат многу очекувања од иднината. Оваа книга ги анализира новите медиуми, како се развиваат до сегашниот момент но истовремено укажува и ги насочува уметниците како да ги користат новите медиуми и бидат понатаму истражени". Тој истовремено укажува и на насоки кои ги продуцираат новите медиуми, создавајќи нов јазик на визуелната култура, која е базирана врз алгоритми, софтвери и глобални мрежи. Според Мановиќ, уметноста на 21 век не може да се анализира без да се земе предвид улогата на алгоритмите, базите на податоци и софтверските платформи како суштински медиуми. Тој нагласува дека дигиталната култура е карактеризирана со масовно производство на слики и нивна глобална вмреженост, но и со нови форми на естетика кои произлегуваат од можноста за обработка на големи податочни сетови. Неговата работа е особено важна за современата ликовна уметност, бидејќи покажува како традиционалните категории на уметничка анализа (стил, жанр, авторство) се трансформираат во услови на дигитализација и алгоритамска култура.

Нови медиуми и визуелна култура

Во современ контекст, дигиталната уметност се појавува во повеќе форми: Генеративна уметност создадена со алгоритми (пример: GAN), 3D модели и печатење за хибридна материјализација, виртуелна реалност која овозможува нови облици на интеракција. Овие медиуми се специфични бидејќи во својата структура на создавање ја проблематизираат границата меѓу уметникот и технологијата, поставувајќи нови прашања за самото авторство. За да се увиди целосниот еволутивен пат на новите медиуми како визуелна култура, ги наведувам основните поими и разлики помеѓу новите и традиционалните медиуми.

Табела 1. Споредба меѓу стари и нови медиуми

Карактеристика	Стари медиуми (Traditional Media)	Нови медиуми (New Media)
Форма	Аналогна (печат, радио, телевизија, филм)	Дигитална (Интернет, апликации, социјални мрежи)
Пренос на информации	Еднонасочен (од извор кон публика)	Двонасочен и интерактивен
Улога на публиката	Пасивни примачи	Активни учесници и креатори на содржини
Брзина на дистрибуција	Спора, ограничена од физички канали	Моментална, глобална, преку Интернет
Контрола	Централизирана (уредници, институции)	Децентрализирана (корисници, платформи)
Примери	Книги, весници, радио, ТВ	YouTube, Instagram, TikTok, VR/AR, NFT, блогови
Складирање	Физички носачи (хартија, филм, касета)	Дигитални бази на податоци и облаци

Естетика	Линеарна, наративна	Фрагментирана, алгоритамска, мултимедијална

Како што е прикажано во табела 1, новите медиуми се разликуваат од традиционалните не само по нивната дигитална природа, туку и по интерактивноста, брзината на дистрибуција и алгоритамската естетика. Дигиталната револуција создава хибридна култура: уметноста станува интерактивна, глобална и економски иновативна. Визуелната култура во овој процес се интегрира во дигиталниот контекст, поради нејзината основна мисија – да ги обединува сите науки како интердисциплинарна област што ја проучува, пред сè, улогата на визуелните медиуми, сликите и визуелните практики во општеството и културата. Таа не се занимава само со уметничките слики, туку и со секојдневните визуелни феномени: реклами, филмови, телевизија, фотографии, дигитални медиуми, мода, архитектура, па дури и со интерфејсите на апликации. Како што истакнува професорот по визуелна теорија на Универзитетот во Њујорк, Николас Мирзоев (Nicholas Mirzoeff), „Визуелната култура претставува начин на разбирање на светот преку слики и визуелни претстави“ (Mirzoeff, 1999).

Визуелната култура ги опфаќа следниве главни карактеристики:

- **Широк опсег** – опфаќа и висока уметност (музејски дела) и популарна култура (реклами, стрипови);
- **Интердисциплинарност** – комбинира уметничка историја, медиумски студии, антропологија, социологија и културни студии;
- **Фокус на моќ и идеологија** – анализира како сликите пренесуваат вредности, стереотипи, политики и идентитети;
- **Современост** – особено значајна во дигиталната ера, кога живееме во „нагласена визуелна култура на слики“.

Вештачка интелигенција и креативноста

Вештачката интелигенција претставува една од најголемите промени во новото и современо дигитално уметничко творештво. Во 2018 година, парискиот уметнички колектив „Обвиос“ (Obvious), составен од Хуго Касел-Дипре (Hugo Caselles-Dupré), Пиер Фотрел (Pierre Fautrel) и Готије Верниер (Gauthier Vernier), успеа да го продаде делото „Портретот на Едмонд де Белами“ (Portrait of Edmond de Belamy) за 432.500 долари. Тоа е првото уметничко дело создадено со алгоритам, користејќи генеративна адверзаријална мрежа (GAN).

Овој значаен уметнички колектив направи револуција во спојот на новите и традиционалните медиуми, создавајќи дигитална слика која комбинира класични сликарски техники со нов дигитален уметнички формат. Процесот на создавање на портретот започнал со вметнување на податоци во алгоритмот – околу 15.000 историски портрети од 14-от до 20-от век, преземени од WikiArt – со цел софтверот да научи да препознава ликовна естетика и уметнички стилови. Генераторот создавал нови слики сè додека не се добил убедлив портрет.

Финалната верзија на портретот била испечатена на платно и потпишана со математичка формула – дел од алгоритмот – наместо со традиционален авторски потпис во долниот десен агол. Сепак, „Едмонд де Белами“ (Edmond de Belamy) како генеративен портрет отвори сериозни дебати за уметноста и технологијата, поставувајќи фундаментални прашања за улогата на машината во креативниот процес. Овие дискусии се водат и меѓу историчарите на уметност и меѓу самите уметници.

И покрај контроверзиите, од историска важност е фактот дека ова е првото ВИ-дело продадено на голема аукција – на аукциската куќа Кристи (Christie’s), за неверојатни 432.500 американски долари. Кристи е една од најпознатите и најстари аукциски куќи во светот, основана во 1766 година во Лондон, со филијали во Њујорк, Париз, Женева, Хонг Конг и други градови. Таа поставува стандарди за вредноста на уметничките дела, а продажбата таму претставува знак на културен и пазарен престиж.

Во контекст на значењето на оваа институција, вреди да се спомене дека во 2017 година Кристи го продаде делото „Салватор Мунди“ („Salvator Mundi“) од Леонардо да Винчи за рекордни 450,3 милиони долари. Само една година подоцна, во 2018, го продаде и „Едмонд де Белами („Edmond de Belamy“), што го означи првото појавување на ВИ-генерирано уметничко дело на голема аукција.

Слика 2. „Обвиос“ (Obvious) Портретот на Едмонд де Белами, Хуго Касел-Дипре, Пиер Фотрел и Готије Верниер (Хуго Caselles-Dupré, Pierce Fautrel и Gauthier Vernier)



Виртуелна и проширена реалност

Проекти како оние на тимЛаб (teamLab) („Borderless“ во Токио) или Рефик Анадол („Unsupervised“ во MoMA, Њујорк) ја менуваат улогата на гледачот, кој повеќе не е пасивен, туку активен учесник. Уметноста станува имерсивно искуство. Се отвораат сосема нови имагинарни дигитални светови, со директни и активни учесници во самиот дигитален перформанс.

Друг значаен пример за соединување на науката и уметноста е Едуардо Кац (Eduardo Kac) со проектот GFP Bunny, каде генетски модифицирано зајче станува уметнички објект. Во контекст на истражувањата за виртуелната и проширена реалност, особено се истакнува Нери Оксман (Neri Oxman), кој комбинира биологија, материјализација и дизајн, создавајќи 3Д-структури инспирирани од природата (Aguahoja).

Ваквиот пристап кон создавање уметност е тесно поврзан со дигиталната револуција, која создава хибридна култура: уметноста станува интерактивна, глобална и економски иновативна. Но, истовремено се јавуваат нови етички, правни и културни прашања поврзани со авторството на самата алгоритмична уметност и со начинот на заштита на културното наследство во дигитална форма.

Во овие процеси на креирање нови уметнички виртуелни формати, се забележува силната поврзаност меѓу науката и уметноста во денешната дигитална ера.

Слика 3. „Универзум од водени честички, Надминување на границите“; teamLab, „Цвеќиња и луѓе, не можат да се контролираат, но живеат заедно“ 2024



Слика 4. Делото на Рефик Анадол (Refik Anadol) изложено во MOMA



Слика 5. Едуардо Кац (Eduardo Kac) „GFP Зајак“, 2000. Трансгенска уметничка творба, Алба, флуоресцентниот зајак



Заклучок

Дигиталната ера носи трансформации кои ја редефинираат улогата на уметникот, уметничкото дело и публиката. Уметноста повеќе не е само статичен визуелен објект – таа станува динамичен процес, интерактивен и глобален.

Синергијата и соработката меѓу науката и уметноста денес претставуваат нова културна парадигма. Во иднина се очекуваат уште подлабоки зближувања и создавање на нови уметнички светови, каде што границата меѓу реалното и виртуелното ќе биде целосно невидлива и избришана.

Conclusion

The digital era brings transformations that redefine the role of the artist, the artwork, and the audience. Art is no longer merely a static visual object – it becomes a dynamic process, interactive and global.

The synergy and collaboration between science and art today represent a new cultural paradigm. In the future, even deeper convergences are expected, leading to the creation of new artistic worlds where the boundary between the real and the virtual will be completely invisible and erased.

Користена литература

1. Paul, C.: Digital Art. London: Thames & Hudson, 2020;
2. Shanken, E. A.: Art and Electronic Media. London: Phaidon, 2009;
3. Manovich, L.: The Language of New Media. Cambridge, Massachusetts: MIT Press, 2001;
4. Tribe, M. & Jana, R.: New Media Art. Köln: Taschen, 2006;
5. Grau, O.: Virtual Art: From Illusion to Immersion. Cambridge, Massachusetts: MIT Press, 2003;
6. Манева-Чупоска, Ј.: Современи културни практики и дигитализација на нематеријалното културно наследство. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков“, 2018;
7. Christie’s: Beeple’s Everydays – The First 5000 Days. London: Christie’s Auction Catalogue, 2021;
8. MoMA: Refik Anadol – Unsupervised. New York: The Museum of Modern Art, 2022.

ЕСЕЈ

КРЕИРАЊЕ НА ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ВИДЕО ТЕАТАРСКИ ПРОЕКТИ – ПРОДУКЦИЈА: КРИЕГ/АЦИНСЕЛАК (ГОДИНА: 2024)

UDC: 792.94-028.23 *Стручен труд*

Вон. проф. д-р Иванка Апостолова Баскар[1,2]

[1]*Факултет за арт и дизајн, Европски Универзитет – Скопје*

[2]*Македонски центар ИТИ/ПРОДУКЦИЈА*

Апстракт

Излагање на личната методологија и констатации за креирање на нискотехнолошки експериментални видео театарски проекти. Елаборирaн фокус на последната долгометражна продукција КРИЕГ/АЦИНСЕЛАК селектиран и награден со девет награди на меѓународни фестивали за филм и театар во Европа, Азија, Северна Америка и Балканскиот регион. Вивисецирање на хендс он методологија и техники кои ги отвараат прашањата за уметничко-креативен актерски пуризам, визуелна драматургија и контекст, исчитување на локација и контекстуална обработка на истата со јазикот на кадрите, композиција на секвенци и сцени, поврзување на сајт спесифик пракси со објекти на културното и воено-историско наследство, со филмска и видео етичко-естетска морфологија, структури и текстури.

Клучни зборови: *ниско технолошки видео камери, контекстуални локации, експерименти, филмска граматика, видео арт интегриран во театар, пуристичка глума, ослободеност од реквизити.*

ESSAY

CREATING EXPERIMENTAL VIDEO-THEATRE PROJECTS - PRODUCTION: KRIEG/ACINSELAK (YEAR: 2024)

Abstract

Presentation of a personal methodology and findings for creating low-tech experimental video theatre projects. An elaborated focus is placed on the most recent feature-length production KRIEG/ACINSELAK, selected and awarded nine prizes at international film and theatre festivals in Europe, Asia, North America, and the Balkan region. A dissection of the hands-on methodology and techniques that open up questions of artistic and creative acting purism, visual dramaturgy and context; the reading of location and its contextual treatment through the language of shots, the composition of sequences and scenes; connecting site-specific practices with

objects of cultural and military-historical heritage, and with the ethical-aesthetic morphology, structures, and textures of film and video.

Keywords: *low-tech video cameras, context-specific locations, experiments, film grammar, video art integrated into theatre, purist acting, freedom from props*.

Наместо вовед - Зелен работен манифест за проектот „Зелена граматика“

1. Јас создавам и изведувам во јавен простор – јавниот простор е мојата сценографија и моето сценско поле за драма и перформанс;
2. Природата, урбаната природа, културното, индустриското, архитектонското и урбаното наследство се моите сцени, сценографии, чинови на отворено;
3. Сонцето е мојот рефлектор и мојот светло дизајнер;
4. Атмосферските звуци се мојот синергетски звучен драматург;
5. Мојот театарски перформанс не ја загрозува животната средина, не ја уништува природата, мојата претстава не експлоатира и не загадува, ниту пак уништува екосистеми, без разлика колку е драматична;
6. Зеленилото е мојот секундарен извор на драмска акција, покрај колективната и индивидуалната драма на човекот.

Скопје, 2024

Креирање на видео театарски проекти: од чадор-проектот ЕТЕРИА до експериментален видео КРИЕГ/АЦИНСЕЛАК

Театарската црна кутија во Македонија не му е секому достапна за уметничко креирање и сценска работа, затоа пак нашата земја нуди богат јавен простор за создавање во него – урбанизиран, рурален и природен јавен простор. Излегувате надвор и почнувате да создавате или јавниот простор им припаѓа на луѓето кои живеат во него и имаме право да го користиме, и за нашата уметност и креативност.

Создавање во јавен простор за некомерцијални цели сé уште чини поволно кај нас (уплата на такса за дозвола за снимање) или бесплатна дозвола, за користење на истиот. Структурата и текстурата на јавниот простор се материјали за контекстуална визуелна драматургија – богато историско културно, индустриско, архитектонско, урбано, рурално, природно наследство. Ова наследство е контекстуална подлошка за поставка на нашите експериментални видео театарски проекти.

Во случајот со нашата последна продукција КРИГ/АЦИНСЕЛАК кој е наш прв долгометражен видео проект, поттикнат од темата на чадор проектот ЕТЕРИА, во чии рамки е создаден, а поттикнат од темите на конфликт, војна, социјален театар, секундарни женски митолошки божества и локации со разнолика мултикултурна традиција, се одлучив нашиот проект да го поделам во два дела како своевиден видео диптих, составен од машка и женска верзија на војување. Нарацијата е апстрактна, војувањето е осамен видео монолог, приказната е снимена со постар модел на видео камера Сони од

2012 година. Приказната е снимена на воени гробишта од Првата светска војна или Големата војна, во случајов тоа е локацијата на германските воени гробишта во Битола. Станува збор за кружна површина изградена од камен во неоготски стил во почетокот на 20-от век во 1919 година, украсена со неоготска типографија, саркофаг во кој се закопани коските на мртвите германски војници од Првата и Втората светска војна. Гробиштата се наоѓаат на ритче на излезот од Битола, во близина на ромската населба. По серија на скаутирања на локации - ги истраживме и документиравме (фото-видео документација) британските, ирските, француските, германските, српските, бугарските и грчките воени гробишта во Скопје, Прилеп, Битола, битолските села (Цапари, Скочивир, Долмени...), и Валандово, за да ја препознаеме соодветната или вистинската локација.

Приказната е апстрактна, станува збор за адаптација на емотивни состојби при војување во Првата и Втората светска војна, во комбинација со извадоци од поетската збирка „Калесница“ на Светлана Христова, и селекција на погребни епитафи од британските воени гробишта во Скопје. Фокусот беше на чиста глума, врвна емотивна глума, без реквизити, црн минималистички костим, природен изглед на актерите, ослободување на емоциите во контекст на мотивот за непознат војник - жртва во војната. Создавање на сцени во композиција со локацијата, употреба на историја на филмската граматика со употреба на една камера, и монтирање на создадениот материјал.

Поради скромниот буџет, снимаме под сонце, претежно наутро и пред зајдисонце кога сончевата светлина е најбогата и слоевита – сонцето е нашиот рефлектор. Бидејќи немаме средства за звучна драматургија и музика, го користиме атмосферскиот звук од улицата - средината околу нас, кој најчесто со својата сировост одлично го надополнува дејствието како - звукот на птиците, буката на автомобилите, пеењето на оџата од џамијата, лаењето на кучињата... снимениот материјал во монтажа претрпува колор корекција и корекција на звук за да се ублажи прегласната сирова звучна острина.
Кога се работи со скромен буџет, средствата е најдобро да се инвестираат во хонорари, додека другите сценски елементи и алатки си ги носиме од дома или ги позајмуваме - ин кајнд.

Глумата на актерите е од примарна важност, истата проблематика на еден начин ја доловува актерот, а на сосема поинаков начин ја доловува актерката; Здравко Стојмиров е разнолик, несебичен актер, тој ви создава и нуди по неколку варијанти за една сцена, сите подобри една од друга; имам проблем да се одлучам и изберам. Станува збор за актер со богата имагинација, интелигенција, сензибилитет, интуиција и прецизна луцидна перцепција.

Додека Филарета Атанасова нуди по една актерска варијанта, кратка, но егзактна, интензивна и експресивна. Атанасова е исклучително фотогенична пред камера, објективот создава додадена вредност од нејзиното фотогенично, кинематографско лице. Снимениот материјал со Стојмиров трае 45 минути, а снимениот материјал со Атанасова трае 27 минути.

Воената тензија, агонија, изигран ентузијазам и скршен дух на војникот, аналогно се надоврза со емотивните тензии и војувања во љубовните архајско феминистички песни на поезијата „Калесница“ од 1970 година, на Светлана Христова (етно поетеса) или природа, ноќ, ѕвезди, привлекување и недоверба,

краткотрајна страст и љубов, емотивни недоразбирања, непоклопувања, разидувања, премолчувања, затајувања...

КРИГ/АЦИНСЕЛАК претставува еден експериментален амалгам од театар, филм и видео арт, во индолентна, апатична, линеарна монтажа. Чист, пуристички, минималистички проект со примеси на синема верите.

Технички опис на видео театарскиот проект КРИГ/АЦИНСЕЛАК

Должина – 70 минути, снимен во боја, рацио на слика – 16:9 формат, дигитално видео. Јазик – македонска и англиска верзија.

Синопсис (англиска верзија)

Experimental video theatre diptych, divided into KRIEG - Male Version and A-C-I-N-S-E-L-A-K - Female Version; structured in several action parts: soldier-machine, soldier - human, krieg (war), escapism-kalesnica, death, epitaphs and post-elegy state of body and soul. Two characters (2 soldiers in agony) in mirrored actions, in the abstract story of classical war conflicts filled with heroism, illusion, agon, fear, rage, anger, hurt, pain, suffering, damage, shell shock, deadening of vitality, killed longing and romance, sealed life and death. A puristic, and intense acting; no war props. The project is performed and filmed at the old German military cemetery in Bitola (from the Great War; military graveyards constructed in a neo-gothic style).

Inspiration: Feminist ethno-archaic (a masterpiece) poetry book KALESNICA by Svetlana Hristova (1970); WW1 (The Great War) Irish, German, British, Serbian, Greek, Bulgarian Military Graveyards in Bitola, Skopje, Prilep, Skocivir, Capari, Dobroveni, Valandovo (a necropolitics of historical multiculturalism).

Екипа (англиска верзија)

1. Inspired by Kalesnica (archaic feminist poetry book) by Svetlana Hristova (1970);
2. Ivanka Apostolova Baskar – Creative Producer/Director/Adaptation/Visual Dramaturgy;
3. Zdravko Stojmirov as male Soldier in Agony;
4. Filareta Atanasova as female Soldier in Agony;
5. Mihailo Apostolov – Camera/editing, sound;
6. Vesna Apostolova Brishkoska – Photography;
7. Luna Salamon – Experimental drawings made with personal medicine (Producers - Macedonian Center ITI/PRODUKCIJA);
8. Supported by Creative Europe/EU, Project E.T.E.R.I.A. (umbrella project), and Ministry of Culture R.N. Macedonia (minority co-financing).

Извори

1. Website Project E.T.E.R.I.A. – https://www.eteriaproject.eu/;
2. Research materials, Project E.T.E.R.I.A. – https://www.youtube.com/@ProjectETERIA/videos;

3. Trailer KRIEG – https://www.youtube.com/watch?v=OMDazXPMN0E;
4. Trailer ACINSELAK – https://www.youtube.com/watch?v=1CjnXJiYrx8;
5. KRIEG/ACINSELAK – Facebook promo page; https://www.facebook.com/ProdukcijaMacedonianCenterITI.

Фестивали и награди (2024/2025)

1. Screening with Discussion/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Annual Conference of the Network of Silk Road Arts Festivals, The Center for China Shanghai International Arts Festival, China (17-20 October 2025);
2. Mini Video Theatre Showcase with Public Discussions (KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K); THE PCR SONG (2021); Destination: Skopje-Gabrovo (2020), Mobile Gallery, Contemporary Art Center - Skopje, October 2025;
3. Off Program Screening with Public Discussion, 17.Regional Theatre Festival Sv. Joakim Osogovski/ KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K,, September/October 2025, Kriva Palanka, R. Macedonia (29 September 2025);
4. Screening with Public Discussion/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, 1.Skopje Theatre Showcase, Various Locations, Schtrich/Under 600, Skopje, R. Macedonia (28 September 2025);
5. Screening with Public Discussion, Maalski Festival 4.0/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, SKC JADRO, Skopje, R. Macedonia (27 September 2025);
6. Screening with Public Discussion/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Dramski Theatre Skopje (Program: Days for Independent Productions 2025), (Big Hall), R. Macedonia (12 September 2025);
7. Screening with Public Discussion (off program)/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, 33. Regional Chamber Theatre Festival “Risto Siskov”, Strumica, R.N. Macedonia (10 September 2025);
8. Official Selection (Screening with Public Discussion), 4. PrizrenFest, KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, (24 July 2025), City of Prizren, Kosovo;
9. Screening with Public Discussion, KIC Skopje-Salon 1919 / KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, 2 July 2025, City of Skopje;
10. Official Selection (A-C-I-N-S-E-L-A-K), Pebbles Underground Film and Video Art Festival Summer Screenings (14-22 June), Canada, May/June 2025;
11. Official Selection (KRIEG), 26.International Monodrama Festival Bitola, May 2025;
12. Award Winner (Best International Feature Film Special Jury Award)/ Official Selection (KRIEG / A-C-I-N-S-E-L-A-K), Mei International Film Festival, Karnataka, India, January 2025;
13. Official Selection (KRIEG / A-C-I-N-S-E-L-A-K), MP Film Award, January 2025;
14. Award Winner (Best Short Experimental Film (KRIEG), BLUEZ DOLPHINS Monthly Online International Short Film Fest, Punjab, India, December 2024;
15. Award Winner (Best Experimental Film, Best Experimental Film Director)/Official Selection (KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K), iDEAL INTERNATIONAL FILM FESTIVAL, India, December 2024;

16. Award Winner for Best experimental film, KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Asian Talent International Film Festival, December/January, 2024/2025;
17. Official Selection/Best Experimental Film (A-C-I-N-S-E-L-A-K), The Film Contest, Europe, October/November 2024;
18. Official Selection, Imaginary Mind Film Contest/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, France, August 2024;
19. Award Winner (Best Experimental Feature)/Official Selection, Roshani International Film Festival/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, India, July / August 2024;
20. Honorable Mention, ART FILM AWARDS (spring edition)/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Skopje, R.N. Macedonia, June 2024;
21. Official Selection/Semi-Finalist/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Muzzle Awards, USA, June 2024;
22. Official Selection, Asian Talents International Film Festival/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, India, June 2024;
23. Cine Vision Award/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Indie Cine Tube Awards, India, June 2024;
24. Honorable Mention, Indo Dubai International Film Festival// KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Dubai, June 2024;
25. Award Winner/Official Selection - Indie Cine Tube Awards/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Kolkata, India - Kolkata, West BengaI, June 2024;
26. Honorable Mention (Experimental Film Category/KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K), Blue Bird Film Festival Noapara, Kolkata, West Bengal, India, June 2024;
27. Award Winner (Best Female Film - Fenomenal Attainment Award) /Official Selection, Krimson Horyzon International Film Festival/ KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K, Kolkata, West Bengal, India, May 2024;
28. Official Selection, Lebanon International Film Festival/ A-C-I-N-S-E-L-A-K), Tripoli, May 2024;
29. Best Experimental Film (KRIEG/A-C-I-N-S-E-L-A-K), Dreamz Catcher International Film Festival, Kolkata, West Bengal, India, April 2024;
30. Honorable Mention, FUTURE OF FILM AWARDS, Ohrid, R.N. Macedonia, March 2024;
31. Honorable Mention, Independent Film Awards, Winter Edition, UK, March 202;
32. Official Selection, Swiss Screenwriting and Cinematic Summit, Swiss, March 2024;
33. Official Selection, Colossus Film Festival Paris, France, March 2024.

„ДУХОВИ НА ВРЕМЕТО“

Година на изработка: 2019

Форма: 50x70 см

Техника: акрил на платно

UDC: 75(497.7) *Уметничко дело*

М-р Славица Танеска

Магистер по ликовни уметности - сликарство

Опис на делото

„Духови на времето“ е уметничко дело изработено на ликовната колонија „Вевчански видувања“ во 2019 година. Делото настана после работењето на мојата авторска книга со цртежи „Траги на времето- низ цртежите на 100 брсјачки градби во Македонија“. На оваа слика е претставена стара селска улица со типична селска македонска архитектура. Претставени се градби направени од природни матријали, дрво, кал, камен... на самите слики се гледа и конструкцијата на тогашните градби. Од левата страна е претставена ограда од камен и голема порта. Претставено е всушност место кое што било создадено во минатото, а постои и во денешното време. Посебен е колористичкиот третман на сликата каде што доминира сината боја којашто предизвикува смиреност кај гледачот, како да гледа во нешто надреално или пак како да е ова слика од некој сон. На улицата се движат фигури коишто наликуваат на луѓе, но тие немаат дефинирани ликови ниту пак реална боја, и тие се сини како и тоналитетот на целата слика. Всушност станува збор за претстава на духовите кои шетаат низ овие напуштени македонски села кои се неми сведоци на некои времиња. Сликата всушност треба да делува првенствено пријатно за гледачот, но и да даде причина за едно мало запрашување: Зошто овие места се празни и напуштени? Каде се луѓето кои треба да се наоѓаат на овие улици? А понатаму да се потсетиме на духовите на нашите предци и на вредостите кои тие ги оставиле за нас денес.

“GHOSTS OF TIME”

Year: 2019

Format: 50x70 cm

Technique: acrylic on canvas

Description of the work

“Ghosts of Time” is a work of art created at the art colony “Vevčanski viduvanja” in 2019. The work was created after working on my author's book of drawings "Traces of Time - through the drawings of 100 Brsjak buildings in Macedonia". This painting depicts an old village street with typical rural Macedonian architecture. Buildings made of natural materials, wood, mud, stone... the paintings themselves also show the construction of the buildings of that time. On the left side, a stone wall and a large gate are depicted. In fact, a place that was created in the past and still exists today is depicted. The coloristic treatment of the painting is special, where the blue color dominates, which causes a calming effect in the viewer, as if they were looking at something surreal or as if this were a picture from a dream. Figures that resemble people move on the street, but they do not have defined faces or a realistic color, and they are blue, like the tonality of the entire painting. In fact, it is a representation of the ghosts that walk through these abandoned Macedonian villages that are silent witnesses of certain times. The painting should actually have a pleasant effect on the viewer, but also give reason for a small question: Why are these places empty and abandoned? Where are the people who should be on these streets? And further, let us remember the ghosts of our ancestors and the values that they left for us today.



UI/UX ДИЗАЈНОТ ВО ДИГИТАЛНИТЕ МЕДИЦИНСКИ АПЛИКАЦИИ

UDC: 614.2-028.27:[005.35:004.5] *Прегледен труд*

М-р Андреј Стамевски

РС Македонија

Апстракт

Дигиталната трансформација во здравството создава нови можности за подобрување на квалитетот на медицинските услуги и зголемување на ефикасноста на здравствените процеси. Медицинските апликации, како дел од мобилното и е-здравство, овозможуваат брз и лесен пристап до информации, следење на здравствената состојба и подобра комуникација помеѓу пациенти и здравствени професионалци. Клучниот фактор за успешноста на овие апликации е квалитетниот дизајн на корисничкиот интерфејс (UI) и позитивното корисничко искуство (UX).

Овој труд ја истражува важноста на основните UI/UX принципи во медицинските апликации, вклучувајќи јасност, конзистентност, пристапност, сигурност, ефикасност и минимизирање на човечки грешки. Прикажани се примери на нивна практична примена и влијанието врз безбедноста на пациентите и квалитетот на здравствената нега. Истражувањето покажува дека интегрирањето на овие принципи овозможува апликации кои се интуитивни, доверливи и прилагодливи на потребите на различни корисници.

Клучни зборови: *медицински апликации, UI/UX дизајн, корисничко искуство, безбедност, дигитално здравство*.

UI/UX DESIGN IN DIGITAL MEDICAL APPLICATIONS

Abstract

The digital transformation in healthcare creates new opportunities for improving the quality of medical services and enhancing the efficiency of healthcare processes. Medical applications, as part of mobile and e-Health solutions, provide fast and easy access to information, enable health monitoring, and facilitate better communication between patients and healthcare professionals. A key factor for the success of these applications is the quality of the user interface (UI) design and the overall user experience (UX).

This paper examines the importance of fundamental UI/UX principles in medical applications, including clarity, consistency, accessibility, safety, efficiency, and error minimization. Practical examples of their application are presented, highlighting their impact on patient safety and healthcare quality. The research demonstrates that integrating these principles results in applications that are intuitive, reliable, and adaptable to the needs of diverse users.

Keywords: *medical applications, UI/UX design, user experience, safety, digital health*.

Вовед

Квалитетниот UI/UX дизајн во медицинските апликации е клучен за обезбедување на безбедна, интуитивна и ефикасна интеракција помеѓу пациентите и здравствените професионалци.

Во ерата на дигитализацијата, здравствените технологии и апликации за мобилни уреди ја менуваат традиционалната здравствена грижа. Терминот „м-здравје“ (mHealth) се однесува на практиките во здравството, кои се поддржани од мобилни уреди и апликации. Апликациите кои им овозможуваат на корисниците (пациенти, здравствени работници, администратори) да ги следат своите здравствени параметри, да комуницираат со здравствените служби или да управуваат хронични состојби стануваат сè пораспространети.

Во тој контекст, дизајнот на корисничкиот интерфејс (UI) и корисничкото искуство (UX) добива клучна улога. Не станува збор само за визуелен изглед туку за тоа како корисникот се движи преку системот, како ги разбира информациите и колку лесно и сигурно може да ја постигне својата цел. Лош дизајн може да доведе до грешки, конфузија или напуштање на апликацијата, што во здравствен контекст може да има сериозни последици. Според Bhimanapati, Pandian и Goel (2024), правилната примена на UI/UX принципите е од клучно значење за ефикасноста и безбедноста на мобилните здравствени апликации.[1]

1. Значењето на UI/UX за медицинските апликации

Во современото здравство, дигиталните технологии играат клучна улога во унапредувањето на квалитетот на медицинската нега и зголемување на ефикасноста на здравствените услуги. Медицинските апликации, како дел од е-здравството и мобилните здравствени решенија, обезбедуваат пристап до важни информации, следење на здравствената состојба, управување со хронични болести и комуникација меѓу пациенти и здравствени професионалци.

Клучната улога на овие апликации не се состои само во техничката функционалност, туку и во корисничкото искуство кое тие го нудат. Добро дизајнираниот кориснички интерфејс (UI) и позитивното корисничко искуство (UX) можат значително да влијаат на точноста на внесувањето податоци, ефикасноста на процесите и безбедноста на пациентите. Од друга страна, недоволно интуитивен интерфејс или комплицирани процеси можат да предизвикаат забуни, грешки и намалена доверба кај корисниците. Како што се наведува во CapMinds Blog (2025), внимателно дизајнираниот интерфејс и позитивното корисничко искуство се клучни за ефикасноста на мобилните здравствени апликации.[2]

Во развојот на дигитални медицински апликации, UI/UX-дизајнот е важен низ неколку аспекти:

1) **Безбедност и точност** – поради тоа што здравствените информации може да бидат критични (на пример, вредности од мерења, терапевтски препораки), интерфејс кој е лошо дизајниран може да доведе до грешки;

[1] Bhimanapati, V. B. R., Pandian, P. K. G., & Goel, P. (2024). “UI/UX Design Principles for Mobile Health Applications.” *International Journal for Research Publication and Seminars*, 15(3), 216-231. DOI:10.36676/jrps.v15.i3.1485.
[2] Best Practices in UX/UI Design for Healthcare Apps.” *CapMinds Blog*, Oct 29 2025.

2) **Доверба и ангажираност на корисникот** – корисниците (пациенти, доктори, медицински сестри) мора да имаат доверба во дигиталната апликација: дека е сигурна, дека нивните податоци се заштитени и дека навигацијата е интуитивна. Кога корисниците не ја разбираат или не им се допаѓа апликацијата, тие често ја прекинуваат употребата, што особено кај хронични болести или долгорочно следење може да има негативни ефекти;
3) **Пристапност и инклузивност** – во здравството, корисниците често имаат различни способности (на пр.. постари лица, лица со ограничена технолошка писменост, лица со визуелни или моторни потешкотии). UX/UI мора да ги земе предвид тие разлики;
4) **Континуирана употреба и одржливост** - за многу здравствени апликации, успехот зависи од тоа дали корисникот ќе ги користи подолго време (на пример, апликации за мониторинг на хронични состојби). Добриот UX дизајн ја зголемува веројатноста за ангажираност и одржливост.

Усвојувањето на најдобрите UX/UI практики во здравствените апликации директно придонесува за полесна навигација и поголема доверба кај корисниците.[3]

2. Основни UI/UX принципи во медицинските апликации

При креирањето на медицински апликации, дизајнерите мора да ги интегрираат основните UI/UX принципи, како јасност, конзистентност, пристапност, сигурност и ефикасност. Овие принципи не само што го подобруваат корисничкото искуство, туку и обезбедуваат апликацијата да е безбедна, доверлива и лесна за користење за различни категории корисници, вклучително и пациенти, лекари и медицински сестри.

Следуваат клучните UI/UX принципи, кои се од особено значење при дизајнирањето на медицински апликации, како и нивната практична примена во реални дигитални здравствени решенија.

- **Едноставност и минимализам**

Корисничкиот интерфејс треба да биде јасен, без претерана сложеност, особено кога корисникот е во стресна состојба или е пациент. Екранот треба да има „една цел“ и да не ја преоптоварува информацијата.

- **Прилагодливост и персонализација**

Корисниците треба да имаат можност да прилагодат делови од интерфејсот според своите потреби (на пр. нивото на детали, потсетници, начин на прикажување на податоци). Ова ја зголемува релевантноста и ангажираноста.

- **Интуитивна навигација и логичка структура**

Навигацијата треба да биде логична и предвидлива, корисниците да не мораат да мислат на секој чекор. Можно е да се користат добро познати патерни: тап бар, мени итн.

[3] Ibid.

- **Визуелна јасност и читливост**

Боите, контрастот, големината на фонтот, иконите, просторите - сите мора да бидат дизајнирани со внимание, за лесна читливост, особено за корисници со слаб вид или во стрена ситуација.

- **Фидбек, потврда и контекстуална помош**

Корисникот треба да добие јасна потврда (feedback – повратен одговор) за своите дејства: дали мерењето е успешно, податоците се зачувани или има грешка. Апликацијата треба да нуди помош или објаснување каде што е потребно.

- **Безбедност, приватност и регулативи**

Во здравството, апликациите често треба да ги исполнуваат нормативите (на пр. за заштита на личните здравствени податоци). UI/UX дизајнот треба да го информира корисникот за пристап до податоци, дозволи и да го олесни управувањето со приватноста.

- **Претежни предизвици во дизајнот**

Работењето со дигитални здравствени апликации носи специфични предизвици, кои треба да се адресираат: различни кориснички групи, комплексност на податоците, наследени системи и технолошки ограничувања, регулаторни и безбедносни барања, избор на приоритети и фокус под притисок.

Како што се наведува во Resolute Software (2023), правилниот дизајн на корисничкиот интерфејс овозможува поедноставено следење на здравствените податоци и подобра интеракција со апликациите.[4]

3. Практични насоки и стратегии за дизајн

Имплементацијата на современи UX/UI практики овозможува побрза и поинтуитивна интеракција со здравствените апликации.[5] Едноставниот и прилагодлив UX/UI дизајн ја подобрува употребливоста на мобилните здравствени апликации.[6] Следат неколку конкретни препораки, кои можат да се применат при развој на дигитални здравствени апликации.

1) **Разработка на кориснички патеки (user-flows) за различни улоги**: Претходно треба да се идентификуваат главните корисници (пациент, доктор, администратор), и за секој да се развијат специфични податоци, екрани и сценарија. Пример: пациентот може да има само едноставен екран со потсетници додека докторот треба да има табла со витални параметри.
2) **Минимизирање на когнитивното оптоварување**: Секој екран треба да ја има само најважната функција, да избегне непотребни детали, долг внес на податоци, непредвидливи менија или скриени опции.
3) **Користење на визуелна хиерархија и смирувачки визуелни елементи**: Боите, типографијата, структурата треба да го водат корисникот кон важните информации. Во здравствен контекст,

[4] Modernizing UX/UI in Healthcare: The Product Manager’s Guide.” *Resolute Software* (date 2023).
[5] Ibid.
[6] Islam, M. N., Karim, M. M., Inan, T. T., Najmul Islam, A. K. M. (2020). “Investigating usability of mobile health applications in Bangladesh.”

агресивните бои (на пр. силна црвена) можат да создадат дополнителен стрес, подобро е да се користат умерени тонови, јасен контраст и доверлив визуелен тон.

4) **Обезбедување на контекстуална помош и фидбек**: При внес на податоци, мерење или при грешка, апликацијата треба да даде јасна потврда и/или објаснување. Со ова се намалува несигурноста кај корисникот.

Секако, практиките на развивачите за безбедни мобилни здравствени апликации мора да комбинираат ефикасен UX/UI дизајн со заштита на чувствителните податоци.[7]

5) **Инклузивен дизајн и пристапност**: За лицата со попреченост треба да се вклучат опции, како голем фонт, висок контраст, гласачки интерфејс, навигација преку тастатура или екран.
6) **Периодично тестирање и верификација со крајни корисници**: Уште во раните фази треба да се воведат кориснички студии, евалуации, тестирања за да се идентификуваат проблемите.
7) **Осигурување на сигурност и приватност преку UI/UX**: Јасна индикација за логирање, кориснички дозволи, здравствените податоци, кои треба да бидат интегрирани во интерфејсот на начин што корисникот ќе го разбере.

4. Идни трендови и можности

Дизајнот на медицинските апликации перманентно се развива. Интуитивниот дизајн е од суштинско значење за корисниците на различни нивоа на дигитална писменост.[8] Во блиска иднина, неколку насоки и тенденции ќе влијаат на UI/UX-дизајнот:

- **Интеграција на вештачка интелигенција (AI) и персонализирана медицина**: Апликации кои користат алгоритми за препорака, предиктивни извештаи или адаптирани терапии ќе бараат UX кој ќе објаснува зошто препораката се дава, ќе ја прикажува информацијата на разбирлив начин и ќе го одржува корисникот ангажиран.
- **Интерфејси за носечки уреди, гласовна интеракција и IoT уреди**: Како што се зголемува примената на паметни часовници, сензори и уреди за здравје, UX треба да се прилагоди на помали екрани, различни носечки форми, кратки интеракции и можеби гласовна навигација.
- **Мотивациски техники**: За апликации кои поддржуваат долгорочно следење на хронични состојби, воведувањето на елементи како награди, напредок, визуелни „патувања" може да ја зголеми употребата и резултатите.
- **Интероперабилност и интеграција со електронски здравствени записи (EHR/EMR)**: UI/UX ќе треба да го поддржи комбинирањето на податоци од различни извори, апликации за пациенти, болнички системи, уреди и да го направи тоа на начин што корисникот ги разбира.
- **Поголема регулација и грижа за етичките аспекти**: Заштитата на податоци, јасна согласност, објаснување на алгоритми стануваат дел од UX-обврските.

[7] Aljedaani, B., Ahmad, A., Zahedi, M., & Babar, M. A. (2020). "An Empirical Study on Developing Secure Mobile Health Apps: The Developers Perspective."
[8] Islam, M. N., Karim, M. M., Inan, T. T., Najmul Islam, A. K. M. (2020). "Investigating usability of mobile health applications in Bangladesh."

Заклучок

Дизајнот на корисничкиот интерфејс (UI) и корисничкото искуство (UX) во дигиталните медицински апликации не е само прашање на естетика, туку критичен фактор кој влијае на безбедноста, довербата и ефективноста на самата апликација. Апликацијата која е лесна за користење, интуитивна, пристапна и сигурна ќе овозможи пациентите и здравствените професионалци да ја искористат предноста на дигиталната здравствена грижа. Прилагодливоста на интерфејсот, персонализацијата, тестирањето со крајни корисници, вниманието за пристапност и регулаторната усогласеност се столбови на добро дизајнирана здравствена апликација.

Во услови на растечка примена на дигитални здравствени решенија и експанзија на телемедицина, носечки уреди и вештачка интелигенција, UI/UX дизајнот има сè поголема улога. За да се одржи висок степен на ангажираност и ефективност, дизајнерите мора да ги следат добрите практики, да се адаптираат кон спецификите на здравствената сфера и да останат фокусирани на корисникот, било тоа да е пациент, доктор или администратор.

Conclusion

The design of the user interface (UI) and user experience (UX) in digital health applications is not just a matter of aesthetics, but a critical factor that affects the security, trust and effectiveness of the application itself. An application that is easy to use, intuitive, accessible and secure will allow patients and healthcare professionals to take advantage of digital healthcare. Interface adaptability, personalization, end-user testing, attention to accessibility and regulatory compliance are the pillars of a well-designed healthcare application.

In the context of the growing adoption of digital health solutions and the expansion of telemedicine, wearables and artificial intelligence, UI/UX design has an increasingly important role. To maintain a high level of engagement and effectiveness, designers must follow good practices, adapt to the specifics of the healthcare sector and remain focused on the user, be it a patient, doctor or administrator.

Користена литература

1. Bhimanapati, V. B. R., Pandian, P. K. G., & Goel, P. (2024). „UI/UX Design Principles for Mobile Health Applications.” *International Journal for Research Publication and Seminars*, 15(3), 216-231. DOI:10.36676/jrps.v15.i3.1485.
2. „Best Practices in UX/UI Design for Healthcare Apps.” *CapMinds Blog*, Oct 29 2025.
3. „Healthcare UX - Design that Saves Lives.” *Interaction Design Foundation*, Aug 24 2023.
4. Abdelwahab, M. S. (2024). „User Experience and User Interface (UX & UI) of Medical Devices Display Design.” *Journal of Advanced Digital & Medical (JADM)*.
5. „Healthcare UI Design 2025: Best Practices + Examples.” *Eleken*, Oct 15 2025
6. „Modernizing UX/UI in Healthcare: The Product Manager’s Guide.” *Resolute Software* (date 2023).
7. Islam, M. N., Karim, M. M., Inan, T. T., Najmul Islam, A. K. M. (2020). „Investigating usability of mobile health applications in Bangladesh.”
8. Aljedaani, B., Ahmad, A., Zahedi, M., & Babar, M. A. (2020). „An Empirical Study on Developing Secure Mobile Health Apps: The Developers Perspective.”

ОТКРИВАЊЕ НА СМИСЛАТА ВО ЕРАТА НА ДИГИТАЛНАТА РЕВОЛУЦИЈА

UDC: 159.92:004 *Прегледен труд*

Проф. д-р Зоран Крстевски

Факултет за економски науки, Европски Универзитет – Скопје

Република Северна Македонија

Апстракт

Живееме во доба на културолошка декаденција и политичко насилство и стекнуваме застрашувачки увид во дехуманизираниот однос на човек кон човек. Во современото општество е широкораспространета слабоста, очајот, осаменоста и отуѓеноста. Сепак, без оглед на негативните околности и силното влијание на стресогените фактори, неопходно е да го програмираме умот во насока на афирмацијата, самопочитта, надежта, целта и смислата. Разните притисоци, борби, искушенија и неизвесни животни ситуации го тестираат духот на човекот и соочуваат со прашањето: во што се состои смислата на животот?

За да ја пронајдеме смислата на сопствениот живот, неопходно е да се насочиме кон вредностите што нè крепат, воздигнуваат и мотивираат. Пронајдената смисла и надминувањето на осаменоста и отуѓеноста даваат цел и ориентација кон вистинските вредности на постоењето.

Клучни зборови: *отуѓување, цел, општество, осаменост, смисла, постоење*.

DISCOVERING MEANING IN THE ERA OF THE DIGITAL REVOLUTION

Abstract

We live in an age of cultural decadence and political violence and we gain a frightening insight into the dehumanized relationship of man to man. In modern society, weakness, despair, loneliness and alienation are widespread. However, regardless of the negative circumstances and the strong influence of stress factors, it is necessary to program the mind in the direction of affirmation, self-esteem, hope, purpose and meaning. Various pressures, struggles, temptations and uncertain life situations test the spirit of man and confront the question: what is the meaning of life?

In order to find the meaning of our own life, it is necessary to focus on the values that strengthen, elevate and motivate us. Finding meaning and overcoming loneliness and alienation provide purpose and orientation towards the true values of existence.

Keywords: *alienation, purpose, society, loneliness, meaning, existence*.

Вовед

Несигурноста ќе порасне ако зависиме од надворешните фактори, негативно размислуваме и ја загубиме смислата на животот.

Познато е дека квалитетните меѓучовечки односи го намалуваат стресот, го јакнат имунитетот и му даваат смисла на животот. Стремежот да се создаде блиска врска со другите, да се постапува во корист и на себеси и на другите, би можел да е длабоко вкоренет во човечката природа, изграден во далечното минато, бидејќи оние што се поврзувале и станувале дел од група имале поголема шанса да преживеат. Оваа потреба да се изградуваат тесни општествени врски опстојува до денес. Во студии каква што е онаа на д-р Лари Шервиц, во којашто се разгледуваат ризичните чинители на коронарната срцева болест, било откриено дека луѓето што биле најмногу сосредоточени врз себеси (оние што најчесто зборувале за себеси користејќи ги заменките „јас“, „мене“, и „мој“ во текот на интервјуто) биле многу посклони да развијат коронарна срцева болест. Научниците откриваат дека оние на кои им недостасуваат блиски социјални врски повеќе страдаат од лошо здравје, повисоко ниво на несреќност и поголема подложност на стрес[1].

Истражувањата покажале дека осаменоста може да биде мошне штетна за психичкото и физичкото здравје, бидејќи ја зголемува опасноста од кардиоваскуларни болести и депресија. Докажано е дека луѓето кои не се чувствуваат осамено и кои создаваат хармонична интеракција со другите, живеат подолго и посреќно.

Голем број на психолози почнаа да ја проучуваат осаменоста на научен начин, спроведувајќи солиден број на истражувања и студии на таа тема. Едно од највпечатливите откритија на овие студии е дека, речиси сите луѓе пријавиле дека некогаш се почувствувале осамено, било во сегашноста или во минатото. Иако честопати мислиме дека хроничната осаменост е мака што е најраширена меѓу постарите, изолирани во празни станови или во одделенијата на домовите за старци, истражувањето сугерира дека осаменоста е подеднакво присутна и кај тинејџерите и кај младите.

Причините за осаменоста може да ги побараме во недостигот на емпатија за блискиот, доминацијата на разводи, продолжувањето на животниот век, намалувањето на семејните врски и во зголемениот број луѓе кои живеат како самци.

Иако осаменоста и самотијата често се поистоветуваат во секојдневниот говор, помеѓу нив постои разлика. Осаменоста создава голема празнина, тегобност и чувство на изолираност, кое нè престанува ниту кога сме во друштво со други луѓе. Впечатокот дека сме оставени сами на себе, предизвикува внатрешен немир, фрустрација, незадоволство и непријатност од состојбата во која се наоѓаме. Свесноста дека сме хронично осамени иницира самосожалување, страв, беспомошност, ниско ниво на самопочит, недостиг на мотивација и чувство на бесмисла.

Од друга страна, самотијата може да биде корисна состојба кога сме во мир со себе и кога немаме потреба од други луѓе. Таа ја реорганизира нашата креативна енергија, го обновува психофизичкото здравје, нè соочува со самите себе и буди состојба кога сме сами, но не сме осамени.

[1] Далај Лама, Хауард Катлер, *Уметноста на среќата* (Скопје: Магор, 2008), стр. 82.

Конструктивното предавање на самотијата можеме да го искористиме за читање, размислување, прошетки во природа, спортување и детоксицирање од негативните вибрации на околината.

Јохан Волфганг Гете рекол дека „самотијата е убава ако човекот сам со себе живее во мир и ако се занимава со нешто корисно”.

Постојат личности, кои иако се во одредена врска, чувствуваат голема емоционална празнина, отуѓеност и осаменост.

Тука се поставува прашањето, дали реално се осамени или самите си умислиле дека се осамени. Ако навистина се осамени треба да најдат начин тоа да го променат. Прашањето е зашто одржуваат врска во која се празни, отуѓени и осамени? На овие лица им се препорачува да размислат дали е подобро одреден период да бидат сами отколку со партнер кој постојано ја спушта нивната енергија и нѐ придонесува да се чувствуваат мирно и опуштено. Актерот Робин Вилијамс, таквата состојба ја објасни со зборовите: „Некогаш сум мислел дека во животот најтешко е кога ќе останеш сам. Не е. Најтешко е кога си опкружен со луѓе покрај кои се чувствуваш сам”.

Самотијата не секогаш е промисла на судбината, туку сопствена одлука за дистанцирање и оттргнување од негативните лица и ситуации.

Така постапувале многу мудри умови. Откако сфатил дека му завидувале и љубомореле на генијалноста, Микеланцело донел одлука да се повлече од јавноста и да ги избегнува луѓето. Херман Хесе препорачал секој да почувствува нешто од суровоста на осаменоста, а Иво Андриќ тврдел дека таа е раскош на богатите духови. За Леонардо да Винчи само во самотијата можеме да си припаѓаме на себеси. Артур Шопенхауер велел дека само луѓето со богат дух уживаат во самотијата. Тој на младите им препорачал да ја препознаваат самотијата, бидејќи таа е извор на среќа и душевен мир.

1. Внатрешната сила може да го воздигне човекот над неговата надворешна судбина

Нашата свесност, волја и визија ја одредува нашата судбина. Да се има визија значи да се има цел, смисла и храброст да се поднесе и најтешката судбина. Тоа можеме да го согледаме од животните искушенија низ кои поминал австрискиот психијатар и невролог Виктор Франкл (1905-1997). Тој во 1942 година, заедно со семејството, бил депортиран во логорот Терзиенштад, а потоа и во Аушвиц. Франкл во себе проектирал визија и на неа и ги припишал заслугите што останал жив, додека илјадници затвореници умирале во концентрационите логори. Креативната визуализација го поттикнала да издржи пред исклучително суровите услови на егзистирање. Бил одлучен да преживее и да учи од тешките удари на судбината. Со таа цел, замислувал како предава пред голем аудиториум на теми поврзани со човековото однесување во логорот.

Франкл навистина преживеал и станал славен предавач и автор на книги во кои потенцирал дека „не можеме да го избегнеме страдањето, но можеме да избереме како да се справиме со него“. Како што самиот напишал: „Психолошките набљудувања на логорашите покажаа дека под влијание на логорската

средина, во развојот на својот карактер, потпаѓа единствено оној што духовно и човечки веќе паднал, а паѓаат оние што немаат внатрешна потпора"[2].

Според Франкл, логорашите без цел, без надеж и причина да живеат за иднината, физички и ментално пропаѓале и умирале. Животот за нив станал бесмислен бидејќи постојано размислувале за минатото, а не за иднината. Во суштина, тој укажал на тоа дека главната грижа на човекот не е да дојде до задоволство или да ја избегне болката, туку да ја открие смислата во својот живот. „Човекот ќе биде подготвен дури и да страда, под услов страдањето да има смисла". Тезата на Франкл е дека ние не ја измислуваме смислата на својата егзистенција туку, напротив, ја откриваме. Без смисла, нема надеж. Без надеж, луѓето го губат здравјето и внатрешно умираат.

Дефинирањето на личната визија е, секако, најважното нешто кое треба да го направиме за самите себе. Треба да ја програмираме целта на својот живот и да определиме каква личност сакаме да станеме. Како што напишал Виктор Франкл: „Во човекот се кријат двете можности; што ќе оствари некој, зависи од неговите одлуки, а не од условите".

Наместо да дозволиме животните услови да нè контролираат нас, многу побитно е ние да ги контролираме нив.

Д-р Вејн Дајер има напишано: „Кога мислите позитивно, среќно, со емотивна исполнетост, тогаш во вашиот организам се одвиваат поинакви хемиски процеси отколку оние кога вашите мисли се депресивни, негативни, болни и апатични"[3]. Лозунгот на позитивната психологија „како размислуваш, така се чувствуваш", кажува дека нашите мисли драматично влијаат врз нашата хемија и врз нашата психофизичка состојба.

Современиот човек сè почесто се соочува со еден нов тип на невроза чија главна карактеристика е губиток на интерес, отуѓеност, недостаток на иницијатива и чувство на бесмисла. Мнозина се сомневаат дали нивниот живот има каква било смисла. Виктор Франкл оваа состојба ја нарекол „егзистенцијален вакуум". Причината за таквата состојба произлегува од чувството на внатрешна празнина, осаменост и здодевност. Германскиот филозоф Артур Шопенхауер има кажано дека „човештвото е очигледно осудено вечно да се движи меѓу два екстрема – здодевноста и болката"[4].

Според Франкл, здодевноста денес на психијатрите им создава и задава повеќе проблеми отколку болката. Тие проблеми стануваат сè позначајни, бидејќи сè поголемата автоматизација доведува до зголемување на слободното време. Неволјата е во тоа што многу вработени луѓе не знаат и нема да знаат како да го употребат своето слободно време. Да ја земеме, на пример, неделната невроза: луѓето се депримирани, бидејќи во недела стануваат свесни за празнотијата на својот живот која, инаку, ја потиснуваат со обврските во текот на работната седмица. Некои лица чувствуваат стрес и поради искушенијата што ги очекуваат со стартот на новата работна недела. Тоа е особено присутно в недела навечер кога нè зафаќа бран од напнати и меланхолични вибрации поради обврските што нè очекуваат на работното место.

[2] Виктор Франкл, *Човековата потрага по смисла* (Скопје: Три, 2014), стр. 67.
[3] Види подетално во: Dr Vejn Dajer, *Magija života* (Beograd: Čarobna knjiga, 2011).
[4] Види во: Артур Шопенхауер, *Паранези и максими* (Скопје: Александар & Александар, 2005).

Негацијата на сопствените вредности, малодушноста, стравот од иднината, здодевноста и егзистенцијалната празнина се показатели за губење на смислата. Приличен број самоубиства можат да се објаснат токму со егзистенцијалната празнина.

Која е смислата на животот? Зошто сме тука? Која е поентата на нашето постоење? Ова се прашања кои филозофите ги поставуваат уште од почетокот на цивилизацијата, но никој не може да даде задоволителен одговор.

Смислата мора да се бара, зашто антипод (спротивност) на смислата е бесмислата или апсурдот на постоењето. За овие нешта пишувал францускиот филозоф и писател Албер Ками. Тој во своите дела мошне критички ги прикажал морничавоста на човечката судбина, егзистенцијалната тегобност, ужасот и стравот предизвикани од историските настани, кои постојано го разјадуваат и ограничуваат духот на поединецот.

Ками укажал дека современата епоха ја карактеризираат болестите на духот, празнотијата и чувството на апсурд[5]. Тоа е искуство да се чувствуваш изгубено и осамено во свет што нема смисла. Таквите сознанија го поттикнаа во филозофијата да побара одговор на прашањето „дали животот вреди или не вреди да се живее?"

Устоличувањето или доминацијата на апсурдноста во свеста на човекот неминовно го иницира најтешкото филозофско-етичко прашање: Дали апсурдноста на светот и животот нужно бара самоубиство? Како е можно хармонично да се егзистира и да се опстане, кога неразумноста и бесмислата владеат со светот? Заклучокот на Ками е дека и покрај присуството на апсурдот, луѓето не треба излезот од егзистенцијалната тегобност да го бараат во самоубиството. Напротив, треба да ги отфрлат деструктивните размислувања, илузиите за вечноста и да почнат страсно да ги чувствуваат смислата и вредноста на своето конкретно постоење. Имено, „животот има смисла само додека уживаме во него, па затоа бесмислени се оние постапки кои се насочени кон уништување на животот"[6].

Ками укажал дека не треба да го прифатиме апсурдот, туку да се бориме против разните негативни околности на нашето постоење. Постојаниот бунт е единствениот начин да се биде вистински присутен во светот. Затоа, треба да се бориме против апсурдот (празнотијата), да манифестираме страст кон животот и да ја бараме смислата на своето постоење. Данскиот филозоф Сорен Киркегор[7] потенцирал дека животот не е задоволство, ниту за задоволство е создаден, бидејќи самоотуѓувањето и вродениот страв го пасивизираат борбениот дух на човекот. Укажал дека секој од нас живее во духовна криза, егзистенцијална тегобност и јанsa: „Како што лекарот предочува дека нема потполно здрав човек, така може да се каже дека не постои човек што во себе не носи некој очај, во чија душа не престојува некоја јанsa, некое незадоволство, страв од нешто непознато". Според Киркегор, тегобноста доаѓа од моралната одговорност, бидејќи за преземените постапки човекот не може да го обвини Бог или интелигибилната димензија, зашто лично е одговорен за својата судбина. Сепак, очајот, неспокојството

[5] За Албер Ками, апсурдот е судир помеѓу нашата потреба за смисла и цел во животот и целосната рамнодушност на универзумот кон нашето постоење.
[6] Види подетално во: Alber Kami, *Mit o Sizifu* (Beograd: Mono & Mañana press, 1999).
[7] За филозофските погледи на Сорен Киркегор и Албер Ками поопширно може да прочитате во мојата книга *„Судбината и етиката"*.

и здодевноста донекаде ќе се неутрализираат ако луѓето храбро се соочат со ударите на судбината и смислата ја побараат во верата, како и во вредноста на сопствената личност. Затоа, решението на егзистенцијалната празнотија треба да се состои во совладувањето на својот личен страв, во следењето на етичките и религиозните начела и во избегнувањето на негативните влијанија.

Откривањето на смислата е примарна мотиваciска сила која помага да се издржат најтешките животни искушенија.

Франкл развил форма на психотерапија наречена логотерапија која се обидува да го оживее и да го објасни човековиот стремеж за смислата на неговото постоење. Тој верувал дека смислата може да се постигне преку креативни активности, вреднување на животот и прифаќање на околностите врз кои не можеме да влијаеме. Во логотерапијата се зборува за „волја за смисла“, наспроти принципот на задоволство, односно „волја за уживање“ (на која се концентрира психоанализата на Сигмунд Фројд), исто така и наспроти „волја за моќ“ (која е нагласена во индивидуалната психологија на Алфред Адлер). Логотерапијата не се ограничува на нагонското несвесно, туку се занимава со човековите духовни стремежи.

Слично како и Ками, и Франкл сметал дека бунтот (револт, борбеност) против неправдите не создава само стрес, туку и ослободување од стресот што создава празнина. Недостатокот на тензија која ја предизвикува губитокот на смислата подеднакво е опасен за менталното здравје како и премногу високата тензија.

2. Живот во отуѓеност

Отуѓеноста сè повеќе станува дел од современото живеење исполнето со многу фрустрации, проблеми и тешкотии. Разните егзистенцијални закани и опасности наметнаа колективна судбина на страв, неизвесност и несигурност. Човештвото се соочува со новонастанати околности кои почнаа од корен да го менуваат досегашниот начин на опстојување. Отуѓеноста го зема својот данок - луѓето сè почесто се несреќни, незадоволни и осамени. Оваа опасна „болест“ на 21 век е поприсутна во големите градови. Човекот е социјално битие, така што отсуството на друштво влијае врз психата и го деградира чувството на сигурност и емоционална припадност.

Социјалните врски повеќе не се такви, какви што некогаш беа. Индивидуализмот, егоизмот и материјализмот станаа насушна потреба во екот на најсилното влијание на капитализмот, консумеризмот и потрошувачкото општество. Скоро сè е подредено на поривот за стекнување што повеќе пари, телесни страсти, волја за моќ и егоистички стремежи. Хуманиот, посветен и искрен однос е во тотално опаѓање, додека неморалот, лагата и измамите се третираат како снаодливост, немоќ пред искушенијата и искористување на приликата, наместо како одлика на нечесност и негативност. Општото чувство на недоверба, страв и несигурност предизвика луѓето да станат емоционално затворени, отуѓени и себични.

Сите овие нешта предизвикаа современиот човек да биде сè поосамен и натрупан со лични и семејни проблеми. Многумина целосно се индивидуализираа и воопшто не размислуваат за создавање

брачна или семејна заедница. Други имаат големи тешкотии да остварат однос со сродна, хармонична и посветена личност.

Интимноста е подеднакво важна за одржувањето на добро емоционално здравје. Психоаналитичарот и социјален филозоф Ерих Фром тврдел дека најосновен страв на човештвото е заканата да се биде издвоен од другите луѓе. Тој верувал дека искуството на издвоеност, за првпат доживеано во детството, е изворот на сета анксиозност во човечкиот живот[8].

Во екот на технолошкиот напредок и новата дигитална револуција комуникацијата го достигнува својот врв, но воедно и отуѓувањето и осаменоста се шират со незамислива брзина. Можностите за брза и лесна комуникација рапидно се зголемија, а блискоста, искреноста и довербата драстично се намалија. Луѓето како никогаш претходно се блиску едни до други низ комуникациска форма, но далеку од духовната суштина и душевната близина.

Не постои повеличествено знаење од умешноста да бидеме задоволни со себеси и со она што го имаме. Секогаш постојат нешта кои ќе ни недостигаат. Ставањето фокус кон тоа што го немаме, неминовно предизвикува несреќа, немир и фрустрацијата. Негативната перцепција, отпорот кон иницирање промени, духовната затвореност, емоционалниот отров и ниското ниво на самопочит се главните причинители на отуѓеноста. Кога долг период одржуваме негативна слика за самите себеси, тогаш неизбежно се движиме кон болката, страдањето и отуѓеноста.

Од друга страна, колку и да се трудиме духовно да се зајакнуваме отуѓеноста е присутна насекаде околу нас. Таа стана главна карактеристика на современото живеење. Постои професионална, национална, културна, социјална отуѓеност итн. Постои и отуѓеност од природата, бидејќи алчните, корумпирани и духовно неосвестени индивидуи не сфаќаат дека со загадувањето и уништувањето на еко средината го уништуваат и сопственото постоење. Може да постои и отуѓување од работното место или од трудот, постои отуѓување во брачните и семејни односи, како и во доменот на пријателствата. Но, ниедно од овие отуѓувања не е толку опасно, колку што е отуѓеноста од самите себе.

Отуѓениот поединец не е во контакт со себе, ниту е во сооднос со светот што го опкружува. Тој живее во немир, страв и со оддаденост на безизлез, песимизам и тага. Тоталната изолација не е добра за ниту еден човек кој претпочита да живее слободно, опуштено и позитивно. Кога не сме опуштени, не излегуваме, не другаруваме и не се отвораме за задоволствата, во тој случај нужно се отуѓуваме од другите лица и манифестираме депресивни мисли. Барањето на смислата, пронаоѓањето на целта и остварувањето на визијата се лек за отуѓеноста. Кога нема за што да се бориме, кога не веруваме дека ќе успееме и кога не сме ослободени од чувството на вина за грешките од минатото, тогаш душевно венееме, емоционално страдаме и психофизички се отуѓуваме.

Една од причините за сè поголемата доминација на отуѓеноста е стравот произлезен од егзистенцијалната несигурност. За да се чувствуваме опуштено и хармонизирано неопходно е на работен план да бидеме исполнети, реализирани и уверени дека ќе биде подобро. Нискиот личен доход, подложноста на мобинг, експлоатацијата, креативната стагнација и обезвреднувањето на

[8] Види подетално во: Erich Fromm, *Čovjek za sebe* (Zagreb: Naprijed, 1984).

професионалните квалитети се само дел од негативните изблици кои предизвикуваат отуѓеност од трудот.

Социјализмот овозможуваше сигурни работни места и загарантиран личен доход, така што луѓето беа поопуштени и имаа повеќе време за другарување и слободни активности. Денес, ако не работиме или немаме доволно пари неизбежно ќе чувствуваме страв, несигурност и негативен набој, поради што ќе страдаат и нашите односи во надворешната средина. Во капитализмот отуѓувањето се наметна како стил на живеење, бидејќи поретко ги посетуваме роднините, помалку се гледаме со пријателите и не другаруваме со соседите. Таквата околност предизвикува да се отуѓуваме од другите, а со самото тоа да се отуѓуваме и од самите себеси.

За факторите кои ја создаваат отуѓеноста (алиенацијата) има пишувано германскиот филозоф Карл Маркс. Главниот виновник за отуѓувањето Маркс го лоцира во експлоатирачкиот капиталистички систем. Теоријата е дека сѐ започнува со отуѓувањето од производите на трудот, зашто средствата за работа и плодовите од трудот наместо да им припаднат на директните создавачи на добрата – производителите (работниците), тие целосно паѓаат во рацете на профитерски ориентираните работодавци (капиталистите).

Заклучокот е дека суровата експлоатација предизвикува луѓето да се отуѓат од трудот, а со отуѓувањето од трудот тие нужно се отуѓуваат и од самите себе. Кога сме отуѓени од себе, тогаш неизбежно се отуѓуваме од другиот човек и од заедницата во која живееме.

Заклучок

Напредокот на заедницата и личниот развој на поединецот не се можни ако темелите на општеството и човековата сигурност се нестабилни. Според професорот Кирил Темков: „Човековата сигурност се однесува на повеќе видови сигурности, кои меѓусебно корелираат, како што се: економската сигурност, здравствената сигурност, сигурноста во обезбедувањето храна, личната сигурност, сигурноста на животната средина, политичката сигурност и други“[9].

Сите овие нешта се меѓусебно поврзани и во зависна врска од стапката на општествената сигурност. Во основата на здравото општество е да се создаде егзистенцијална сигурност која ќе овозможи членовите на заедницата да ги задоволат своите основни потреби и желби, како во сегашноста, така и во иднината.

Најголемиот број од проблемите со кои се соочува човештвото можат да се намалат ако чувството за општо добро и човековите околности постојано се подобруваат. Сиромаштвото, загадувањето на еко средината, економската експлоатација, социјалната несигурност, нееднаквоста пред законот, јазот помеѓу малцинството екстремно богати и мнозинството исклучително сиромашни граѓани може да се сведе на минимум со мудроста на општеството здружено со здравиот разум, верноста на должноста и повисокиот степен на одговорност на единките и институциите. Со својата грижа и труд луѓето можат да ги намалат сите големи извори на човечките страдања, доколку престанат

[9] Види во: Кирил Темков, *Етика* (Скопје: Епоха, 1998).

алчно, егоистично и безумно да постапуваат и да создаваат несовршени институции или лоши општествени практики.

Conclusion

Community progress and individual personal development are not possible if the foundations of society and human security are unstable. According to Professor Kiril Temkov: “Human security refers to several types of security, which are mutually correlated, such as: economic security, health security, food security, personal security, environmental security, political security, and others.”

All of these things are interconnected and dependent on the level of social security. The foundation of a healthy society is to create existential security that will allow members of the community to satisfy their basic needs and desires, both in the present and in the future.

Most of the problems facing humanity can be reduced if the sense of the common good and human circumstances is constantly improved. Poverty, environmental pollution, economic exploitation, social insecurity, inequality before the law, the gap between the minority of extremely wealthy and the majority of extremely poor citizens can be reduced to a minimum by the wisdom of society combined with common sense, fidelity to duty and a higher degree of responsibility of individuals and institutions. With their care and effort, people can reduce all the great sources of human suffering, if they stop acting greedily, selfishly and foolishly and creating imperfect institutions or bad social practices.

Користена литература

1. Dajer, Vejn. *Magija života.* Beograd: Čarobna knjiga, 2011;
2. Далај Лама, Хауард Катлер. *Уметноста на среќата.* Скопје: Магор, 2008;
3. Ериксон, Ерих Х. *Младите и кризата на идентитетот*. Скопје: Арс студио, 2015;
4. Франкл, Виктор. *Во потрага по смисла*. Скопје: Три, 2019;
5. Fromm, Erih. *Čovjek za sebe.* Zagreb: Naprijed, 1984;
6. Јеротиќ, Владета. *Неуротичне појаве нашег времена*. Београд: Партенон, 2014;
7. Kami, Alber. *Mit o Sizifu.* Beograd: Mono & Mañana, press, 1999;
8. Кјеркегор, Серен. *Болест на смрт.* Београд: ПЛАТΩ, 2000;
9. Крстевски, Зоран. *Излез од криза.* Скопје: 2021;
10. Крстевски, Зоран. *Судбината и етиката.* Скопје: 2008;
11. Темков, Кирил. *Етика.* Скопје: Епоха, 1998;
12. Шопенхауер, Артур. *Паранези и максими* (Скопје: Александар & Александар, 2005).

БУДА – МИСИОНЕР НА ЕТИКАТА

UDC: 24-312 *Прегледен труд*

Проф. д-р Зоран Крстевски[1], Јордан Велиновски[1]

[1]Факултет за економски науки, Европски Универзитет – Скопје

Република Северна Македонија

Апстракт

Буда се истакнал како еден од најголемите мисионери на етиката, кои од најрани времиња развивале методолошки пристап во толкувањето на филозофските и етички прашања. Тој потенцирал дека неговото учење не е религија, бидејќи наспроти претпоставката за постоење на некое конкретно божество, во преден план ги поставил рационалните и морални согледби на животот. Сепак, врз основа на особените етички идеи на Буда и исклучителното почитување, неговите следбеници создале трајна религија. Голем број на автори сметаат дека Буда повеќе е темел отколку втемелувач на будизмот, кој е познат и како религиозно етичко учење. Будиното учење, како што и самиот упорно повторувал, е исклучиво анализа на страдањето, односно барање на патот што ќе овозможи духовно ослободување и морално усовршување на човекот. Неговата основна девиза е: страдањето постои, страдањето треба да се надмине.

Клучни зборови: *етика, будизам, ослободување, просветлување, разум, страдање*.

BUDDHA – MISSIONARY OF ETHICS

Abstract

Buddha stood out as one of the greatest missionaries of ethics, who from the earliest times developed a methodological approach in the interpretation of philosophical and ethical issues. He emphasized that his teaching was not a religion, because contrary to the assumption of the existence of a specific deity, he put rational and moral views of life in the foreground. However, based on the Buddha's special ethical ideas and exceptional respect, his followers created a lasting religion. A large number of authors believe that Buddha is more the foundation than the founder of Buddhism, which is also known as a religious ethical teaching. Buddha's teaching, as he himself persistently repeated, is exclusively an analysis of suffering, that is, a search for the path that will enable spiritual liberation and moral perfection of man. His basic motto is: suffering exists; suffering must be overcome.

Keywords: *ethics, buddhism, liberation, enlightenment, reason, suffering*.

Вовед

Пропаѓањето на браманскиот (свештенички) општествен систем во Индија е поврзано со брзото ширење на учењето, познато под името будизам. Според преданието, тоа учење го проповедал индискиот мудрец и морален реформатор Буда (563-483 пр. н.е) и спаѓа меѓу најважните етики и претставува една од најраширените религии.

Таткото на Буда владеел со малото северноиндиско кралство Шакја, а мајка му била принцеза од друг клан. Кога се родил Буда во Лумбинија (место сместено на денешната граница помеѓу Индија и Непал), родителите го нарекле Сидарта Гаутама[1]. Легендата вели дека името му е дадено според пророштвото на мудрецот и астролог Асита, веднаш по раѓањето. Астрологот предвидел дека Сидарта ќе биде голем учител и просветител или, пак, владетел на многу народи на Земјата. Кралот направил сè што е во негова моќ за да се осигури дека неговиот син Сидарта нема да се занимава со духовна дејност, туку ќе го наследи кралството. Го опсипувал со луксуз и со привилегиии, обидувајќи се да го оддалечи од суровата реалност на постоењето и да го насочи кон световните активности. Затоа го оженил на 16 годишна возраст и го опкружил со раскош и со материјални богатства, но и покрај разните удопства, Сидарта се чувствувал неисполнето и незадоволно.

Легендата кажува дека Сидарта ги поминал детството и младоста изолиран од сознанието за страдањето, кое честопати е предуслов за постигнување духовна зрелост. Големите религии нагласуваат дека вистинската мудрост се раѓа од несреќи; само преку страдање нашиот дух може да ги надмине самоограничувачките верувања и да се издигне над тешкотиите.

Откако наполнил 29 години, Сидарта случајно излегол од својот затворен дворец на раскошот и здогледал болен човек, изнемоштен старец и мртовец - тогаш прв пат во својот живот ги видел маките на болеста, на стареењето и на смртта. Тоа го потресло умниот принц и непосредно по раѓањето на синот Рахул, решил да се откаже од животот што го водел и целосно да се посвети на себеспознанието, на практикувањето на своите природни способности и на барањето на смислата на постоењето.

Како што напишал кинескиот филозоф Фонг Јоу Лан: „Вистина е дека некој е среќен кога наполно и слободно ја практикува својата природна способност. Но, постојат многу начини на кои се попречува ова практикување. На пример, постои смрт, која е крај на сите човечки активности. Постојат болести што ги попречуваат човечките активности. Постои старост, која на луѓето им ги носи истите маки. Така, не е без причина што будистите ги сметаат овие состојби за три од четирите човечки беди, а четвртата, според нив, е самиот живот. Оттука, среќата што зависи од целосното и слободно практикување на природната способност на човекот е ограничена и, според тоа, релативна среќа“[2].

Барајќи ги аспектите на слободата и внатрешните импулси на среќата, Сидарта ги оставил палатата, младата сопруга, синот и сите земски удопства и се преселил во скитник. Ѝ се придружил на една од многуте аскетски секти, неограничени, како што се нарекувале тогаш џаините. Извесно време учел кај некои тогаш прочуени савани (брахмани), но откако ги усвоил нивните учења, не бил

[1] Будиното изворно име било Сидарта. Тоа значи оној што ја остварил својата цел. Гаутама (на санскрит) или Готама (на пали јазикот) било Сидартиното презиме. Буда бил познат и под името Шакја Муни, што значи испосник од шакја родот.
[2] Фонг Јоу Ланг, *Кратка историја на кинеската филозофија* (Скопје: Култура, 2003), стр. 156.

задоволен од решенијата што ги давале тие за човечките патила. Во тоа време, преовладувало убедувањето дека со практикувањето радикален аскетизам ќе се постигнат вистинска мудрост и просветлување.

Со таа цел, биле формирани групи скитачи или шрамани, дојдени од различни краишта на земјата, во потрага по внатрешен мир надвор од општеството. Тие втемелиле свои заедници, живеејќи најпрвин во шумите, а подоцна и во организирани населби, во кои понекогаш имало и лаици. Некои од нив ја отфрлиле светата хиндуистичка книга Веда, верувале во реинкарнација и во голема мера ги истакнувале начелата на етиката. Буда бил еден од овие шрамани, скитач во потрага по ослободување, а будизмот произлегол од ова движење, како што се случило тоа и со филозофијата на упанишадите и другите сродни системи[3].

Во период од шест години, Буда живеел како испосник, подложувајќи го своето тело на крајно самоодрекување, постење, медитација и јога, со една единствена цел - нирвана. Сепак, аскетскиот напор не вродил со плод, така што Буда сфатил дека телото подложено на страшен пост и самоизмачување само го замаглува умот и не придонесува за вистинска мудрост и за просветеление.

